СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ГИМНАЗИЈА „МИРЧЕ АЦЕВ“ ПРИЛЕП



САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО
2013- 2015 ГОДИНА

Средно општинско училиште
Гимназија "Мирче Ацев" - Прилеп
Ул. „Прилепски бранители" бр.96а – Прилеп
www.gimprilep.edu.mk

САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО 2013 - 2015 ГОДИНА

Содржина

1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето 5
1.1 Цели на самоевалуацијата 6
1.2 Процес на самоевалуацијата 7
1.3 Формирање тим на самоевалуацијата 8
2. Подрачја на вреднување, индикатори,техники и и инструменти на самоевалуацијата 9
2.1 Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата 9
2.2 Нивоа на постигнувања 9
2.3 Резултати од самоевалуацијата на училиштето во 2015 г 11
3. Подрачје 1. Наставни планови и програми 12
3.1.1 Организација на наставните планови и програми 13
3.1.2 Квалитетна наставните планови и програми 15
3.1.3 Воннаставни активности 16
Резултати - клучни јаки страни и слабости 17
Анализа на резултатите – идни активности 18
4. Подрачје 2. Постигања на учениците 19
4.2.1 Постигања на учениците 20
4.2.2 Задржување/ намалување на бројот на учениците 23
4.2.3 Повторување на учениците 24
Собирање на податоци 25

Резултати - клучни јаки страни и слабости 26
Анализа на резултатите – идни активности 27
Анализа на постигнувањата на учениците на екстерните испити од одржавната матура во учебната 2013/14 и 2014/15 г 28
5. Подрачје 3. Учење и настава 37
5.3.1 Планирање на наставниците 40
5.3.2 Наставен процес 41
5.3.3 Искуства на учениците од учењето 47
5.3.4 Задоволувањена потребите на учениците 52
5.3.5 Оценување (како дел од наставата) 54
5.3.6 Известување за напредокот на учениците 55
Собирање на податоци 58
Резултати - клучни јаки страни и слабости 62
Анализа на резултатите – идни активности 63
Прилози (анкетни листови, прашалници) 65
6. Подрачје 4. Поддршка на учениците 72
6.4.1 Севкупна грижа на учениците 74
6.4.2 Здравјето и пост-конфликтни трауми 78
6.4.3 Советодавна помош на учениците 80
6.4.4 Следење на напредокот 82
Собирање на податоци 85
Резултати - клучни јаки страни и слабости 86
Анализа на резултатите – идни активности 87
Прилози (анкетни листови, прашалници) 88
7. Подрачје 5. Етос 95
7.5.1 Училишна клима и односи во училиштето 97
7.5.2 Промовирање на постигањата 98
7.5.3 Еднаквост иправичност 100
7.5.4 Соработка со родителите и локалната самоуправа 102

Резултати - клучни јаки страни и слабости 104
Анализа на резултатите – идни активности 105
8. Подрачје 6. Ресурси 107
8.6.1 Сместување ипросторни капацитети 108
8.6.2 Наставни средства и материјали 109
8.6.3 Персонал 109
8.6.4 Развој на персоналот 110
8.6.5 Финансискоработење во училиштето 110
Собирање на податоци 112
Резултати - клучни јаки страни и слабости 117
Анализа на резултатите – идни активности 118
Прилози (анкетни листови, прашалници) 113
9. Подрачје 7. Раководство, креирање 120
9.7.1 Раководење иуправување со училиштето 122
9.7.2 Цели и креирање на училишната политика 124
9.7.3 Развојно планирање 126
Резултати - клучни јаки страни и слабости 127
Анализа на резултатите – идни активности 128
Прилози (анкетни листови, прашалници) 129

ВОВЕД ВО САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО

1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење,анализирање и вреднување на остварената со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.

Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања :

- **Колку е добро нашето училиште?**
- **Како го знаеме тоа?**
- **Што може да направиме да бидеме подобри?**


Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

1.1 Цели на самоевалуацијата:

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно - образовниот систем.
- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.

Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

1.2 Процес на самоевалуација



1.3 Формирање на тим за самоевалуација

1. Наставни планови и програми	**2. Постигнувања на учениците**
Зоре Присаѓанец - социолог Мирјана Бошкоска - професор по француски јазик Тодорческа Снежана - професор по социологија	Анкица Јанческа Стеваноска - професор по информатика Афродита Стефаноска – професор по математика Софија Крстеска - професор по биологија
3. Учење и настава	**4. Поддршка на учениците**
Весна Илиеска - професор по англиски јазик Панде Грабулоска Танеска – професор по англиски јазик Барбара Станкоска – професор по математика	Емона Јованоска - професор по македонски јазик Елена Стојаноска - професор по македонски јазик Мартин Наумоски - професор по македонски јазик
5. Училишна клима и односи во училиштето	**6. Ресурси**
Блаже Димески - професор по хемија Николче Толоманоски – професор по историја Ружа Ангелеска - професор по хемија	Ирена Иваноска – професор по економија Моника Илиеска – професор по економија Рубин Матески – професор по филозофија
7. Управување, раководење и креирање политика	**КОМИСИЈА за самоевалуација**
Весна Паноска – професор по економија Весна Михаиловска – професор по македонски јазик Христина Кочоска – професор по македонски јазик	Евгенија Нешкоска – претседател Мимоза Конеска - член Калина Секулоска – член Петкана Цветкоска – член Кети Ефремоска – член

2. Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата

2.1 Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата (табела)

ТЕХНИКИ	ИНСТРУМЕНТИ
НАБЉУДУВАЊЕ	СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА
АНКЕТИРАЊЕ	АНКЕТИ ПРАШАЛНИЦИ
СКАЛИРАЊЕ	СКАЛИ, ГРАФИЧКИ (ДЕСКРИПТИВНИ И НУМЕРИЧКИ)
АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ, дневник за работа, извештаи, записници и сл.	ЧЕК ЛИСТИ

2.2 Нивоа на постигања

Нивоата на постигања содржат јасни и прецизни описи на постигнувањата кај поединечните **индикатори** во рамките на одредено **подрачје на вреднување** . Врз основа на меѓународните искуства и индикаторите за квалитет на работата на училиштата изготвен од МОН (Државен просветен инспекторат) во Скопје, 2009 г. вреднувањето на остварената се врши на четири нивоа и тоа : многу добро, добро, делумно задоволува, не задоволува.

Ниво 4/ многу добро - се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде преовладуваат јаките страни. Може да постојат мал број слаби страни, меѓутоа тие значително не влијаат на искуството што го имаат учениците во училиштето. Иако многу добро е највисок стандард, сепак тој стандард може да го постигне секое училиште. Тој укажува дека училиштето во тој аспект е добро и не треба да прави позначајни прилагодувања. Сепак, се очекува училиштето да продолжи да го одржува високото ниво на тој аспект и да ги користи сите можности и добри практики што му се нудат за понатамошно подобрување.

Ниво 3/ добро – се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде постојат бројни јаки страни. Има слаби страни, но тие ниту поединечно ниту групно немаат значително негативно влијание на искуството што го имаат учениците во училиштето. Евалуацијата добро може да се даде под бројни околности. На пример, учењето и наставата се соодветни и како резултат на тоа искуството на учениците е позитивно, сепак може да се дојде до сознание дека на учениците не им се нуди доволно предизвик. Најчесто овој аспект се карактеризира со јаки страни, но има една или повеќе слаби страни кои влијаат на севкупниот квалитет на искуството што го имаат учениците.

Ниво 2/ делумно задоволува – се евалуираат аспекти од работата на училиштето кои имаат некои јаки страни, но имаат и значителни слаби страни кои влијаат на искуството на учениците. Во целина, кога се евалуира со делумно задоволува, тоа значи дека училиштето треба да преземе структурни и навремени активности за подобрување на состојбите. Евалуацијата делумно задоволува може да се даде под бројни околности. Може да постојат јаки страни, но, исто така, и слаби страни кои индивидуално или групно може да го нарушат квалитетот на работата на училиштето.

Ниво 1/ не задоволува – Со не задоволува се евалуираат оние аспекти од работата на училиштето кога постојат значајни слаби страни за кои се потребни дополнителни активности од страна на училиштето.Искуството на учениците е загрозено во некои клучни аспекти. Во најголем број на случаи, наставата е оценета како незадоволителна и е потребна дополнителна поддршка од раководството во планирање и спроведување на соодветни активности за подобрување. Ова може да вклучува потреба од по подобрување. Ова може да вклучува потреба од поддршка од искусни колеги од училиштето или надвор од него.

2.3. Резултати од самоевалуацијата на училиштето во 2015 г.

Подрачје на вреднување	Ниво на постигања
Наставни планови и програми	Добро
Постигнувања на учениците	многу добро
Учење и настава	Добро
Подршка на учениците	Добро
Училишна клима и односи во училиштето	Добро
Ресурси	Добро
Управување,раководоње и креирање политика	многу добро

*Севкупното работење на училиштето се оценува како добро**.**

Самоевалуацијата беше извршена врз основа на план според кој беше формиран училишен тим, избор на подрачја на вреднување, активности во текот на процесот и по завршувањето на самоевалуацијата, внатрешни и надворешни учесници, време на реализација, користени инструменти и техники, чување, заштита и располагање со податоци користени во самоевалуацијата, обработка и анализа на добиените податоци, пишување извештај и изготвување Развоен план за работа на училиштето.

Во текот на самоевалуацијата работните групи остварија повеќе работни средби со претставници од Наставничкиот совет, Училишниот одбор, Стручните активи, како и со фокус групи на ученици и родители.

Добиените резултати произлегуваат од изворите на податоци, инструменти, техники и методи кои се користени во самиот процес.

3. *Подрачје1: Наставни планови и програми*

Оддели во рамките на подрачјето:

1.1 Организација на наставните планови и програми

- Наставата во СОУ Гимназија „Мирче Ацев"- Прилеп се реализира во согласност со наставните планови и програми за гимназиско образование.
- Наставните планови и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно сработени.
- Успешно се реализираат наставните програми одобрени од МОН со одредени прилагодувања на индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализација на истите.
- Сите видови на настава: задолжителна, дополнителната и додатната настава се квалитетно планирани и реализирани.

1.2 Квалитет на наставните планови и програми

- При реализација на наставните планови и програми постои подеднаква можност за учество на учениците од различна етничка и полова припадност.
- Училиштето искористува се она што може да понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи но исто така, тоа придонесува за подигање на културно-образовното ниво на учениците
  планирани се содржини од областа на здравственото воспитување и други теми кои ги предлагаат учениците, а кои одговараат за нивната возраст.
- Оптимално користење на постојната литература и материјално-техничките услови за работа вклучувајќи ја и ИКТ програмата.

1.3 Вон-наставни активности

- училишните заедници успешно учествуваат во воспитно-образовната и воннаставна работа на училиштето со цел постигање на што подобри резултати.

Подрачје1: Наставни планови и програми

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).
Обработка на документи</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наведете ги сите документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Годишни и тематски планирања;
Наставни планови и програми;
Дневник на паралелката;
Изјави за избор на изборни предмети и подрачја;
Изјави за избор на проектни активности;
Извештаи за резултатите од изборот;</td><td>3.1.1
Организација на наставните планови и програми</td><td>Училиштето ги реализира наставните планови и програми одобрени од Министерсвото за образование и наука во целост.

Во учебната 2011/12 год се започна со реализација на Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем", како и активности како да се стане еко-училиште. Оваа програма е вклучена во формалната и неформалната наставна програма.

Во Годишната програма на училиштето и во годишните и тематските планирања се вметнуваат наставни содржини согласно со точките на акција од сите 4 еко-стандарди.

Постојат можности учениците, родителите и наставниците да влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми според расположливите наставни и помошни средства. Сето ова се постигнува преку непосредни разговори со учениците, родителите и заеднички се доаѓа до нови идеи и нивна примена.

Прилагодување на наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина постои кај одредени наставни содржини по одредени предмети и тоа најчесто при одбележување на одредени историски и културни настани.</td></tr>
</table>

		Наставните планови и програми им се достапни на наставниците, родителите и учениците. Наставниците изготвуваат наставни планирања односно изготвуваат годишно и таматско планирање за наставните предмети, дополнителна и додатна настава, проектните активности во кое се содржани целите и задачите, дидактички насоки, корелација со други предмети и теми, средства и постапки за вреднување, наставни форми и методи, наставни средства и помагала за реализација на наставата, и истите ги доставуваат кај педагогот на училиштето во почетокот на секоја учебна година. Содржините од наставните планови и програми на учениците им се презентираат на првиот час од учебната година, а се информираат и родителите на родителските средби. Со изјави секој ученик има можност самиот да изврши избор за изборните предмети од прва за втора година, и за подрачјето и комбинацијата на изборни предмети од втора за трета и четврта година. Со изјави секој ученик од прва до четврта година има можност самиот да изврши избор за две проектни активности за секоја година, кои се посебно подрачје во Наставниот план чија што функција е задоволување на индивидуалните интереси и желби на учениците во одделени области. Поради својата специфичност тие се разликуваат од наставните предмети и затоа се реализираат во рамките на годишниот фонд на часови и тоа од прва до трета по 70 часа, а во четврта година 60 часа.

Годишни и тематски планирања; ***Програма за работа на класен час;*** ***Наставни планови и програми;*** ***Дневник на паралелката;***	**3.1.2 *Квалитет на наставните планови и програми***	Наставниците воглавно самостојно ги изработуваат своите планирања според наставните програми добиени од Бирото за развој на образованието и МОН и насоките добиени од педагогот, социологот и стручниот актив по соодветен предмет и одредени обуки организирани од Бирото за развој на образованието и МОН. Наставните планови и програми се предвидени за личниот и општествениот развој на учениците во целост и машки и женски. Во нашето училиште нема конфликтни ситуации врз основа на етничка припадност. Во програмите на класните раководители се вметнати теми од областа образование за односите меѓу половите, здравјето на учениците, заштита од болести и еко содржини и активности. За болестите од зависност се одржуваат работилници. Часови за учениците на тема како да се заштитиме од дрога се организираат и во соработла со невладини организации и слични организации со цел како да се заштитат учениците од дрогата. Училиштето ги реализира програмите од областа граѓанска култура преку реализирање на содржините од предметите, етика, социологија, вовед во право и психологија кои се изучуваат во втора, трета и четврта година и преку проектната активност Граѓанска култура во трета и четврта година.

Извештаи од работата на Младинската училишна заедница; ***Web страната на Младинската училишна заедница;*** ***Училишниот весник ГИМ;*** ***Извештаи од предметни наставници;***	***3.1.3 Воннаставни активности***	Воннаставните активности во гимназиското образование се реализираат: - од страна на Младинската училишна заедница во соработка со педагогот и социологот, како и од одредени предметни наставници со ученици. - во рамките на многубројните јавни настапи на учениците, концерти, натпревари државни и меѓународни кои се одржуваат во училиштето и надвор од него. Сите овие активности еднакво се достапни за сите ученици независно од полот. Придобивките од воннаставните активности се бројни: афирмирање на училиштето, на учениците како поединци, развивање на способностите и афинитетите на учениците кои се вклучени во нив, развивање на другарството и натпреварувачкиот дух, можност за забава и самообразување, креативно исполнување на слободното време.

Подрачје 1: Наставни планови и програми

Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости

Клучни јаки страни:

- Реализирање на нови идеи според потребите на учениците, родителите и наставниците;
- Основните информации за зависностите доаѓаат до учениците преку разни предавања;
- Посета на организирани семинари;
- Изучување на областа граѓанска култура од страна на учениците преку проектната активност, етика, социологија;
- Успехот ги поттикнува и стимулира учениците за учење и дружење
- Наставата се организира и реализира согласно наставните планови и програми
- Наставниот кадар е стручен и соодветен за реализација на наставните содржини од наставните планови и програми изготвени од МОН, а одобрени од МОН
- Учениците имаат потполна слобода при изборот на изборен предмет
- Секој ученик согласно сопствените желби,интереси и потреби зема учество во работата на некои од воннаставните активности
- Рамноправност при вклучувањето на ученици во воннаставните активности од различна родова, полова,етничка и социјална припадност
- Вклученост на родителите во изборот на изборниот предмет
- Вклученост на родителите во изборот на дестинацијата за завршна екскурзија
- Изготвени програми за реализација на проектни активности
- Секој ученик согласно сопствените желби,интереси и потреби се изјаснува за изборот на едно од трите подрачја, а секое од нив содржи комбинација А или Б
- Зголемен број на освоени награди и признанија од учествата на разни натпревари и манифестации

Слабости:

- Неможност за поуспешна реализација на наставните програми поради недостаток на нагледни средства;
- Не доволно поддршка на наставниците во осовременување на одредени наставни програми од страна на МОН и БРО.
- Непостоење на учебникарска литература одобрена од МОН по одредени предмети од I до IV година со што се отежнува реализацијата на наставните содржини по тие предмети
- Непостоење на конзистентност во одржувањето на слободните секции(најчесто пред натпревари)
- Недоволната оспособеност на наставниот кадар за изработка на програми за работа со ученици со посебни потреби

Подрачје 1: Наставни планови и програми

Анализа на резултатите:
Подетална евалуација на ова подрачје

Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН и БРО. Дадена е можност и на учениците, родителите и наставниците да ја прилагодат реализацијата на наставните планови и програми. Наставните планови и програми се достапни на сите субјекти вклучени во образовниот процес и се изготвени самостојно од наставниците и онаму каде што има можност се врши корелација. Целосната реализацијата на наставните планови и програми овозможува личен и општествен развој на учениците, и едукација во однос на болестите од зависностите. Во нашето училиште постои задоволителна реализација на Граѓанска култура како проектна активност. Преку воннаставни активности и проектните активности што се реализираат според наставните планови и програми на реформираното гимназиско образование, во нашето училиште се подигнува знаењето на учениците на повисок степен, задоволување на нивниот интерес и развивање на нивните способности и вештини, добивање на признанија, награди и дипломи.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Проширување на соработката со родителите
- Набавка на наставни и нагледни средства
- Обука на наставниците за нивно натамошно усовршување и унапредување

4. *Подрачје 2: Постигања на учениците*

Оддели во рамките на подрачјето:

2.1 Постигања на учениците

- Континуирано следење на постигнувањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување.
- Наставниците и учениците имаат развиена свест за константно подобрување на постигнувањата.
- Во училиштето постои систем за идентификација на ученици со тешкотии во учењето и надарени ученици.
- Тенденција да се соработува со учениците кои имаат потреба од дополнителна и додатна настава во зависност од нивните потреби;
- Во однос на следењето на постигнувањата на учениците и надминувањето на разликите во постигнувањето на учениците од еден циклус во друг, училиштето треба да ја подобрува својата стратегија за реализација на поставената задача.

2.2 Задржување/намалување на бројот на учениците

- Училиштето има комуникација со локаланата заедница по прашањето и постои простор за уште поголема соработка.
- Училиштето презема активности за подобрување на редовноста, но, сепак, треба да ја преиспита својата стратегија за подобрување на редовноста на учениците.
- Училиштето успешно ја реализира задачата при премин на учениците од едно во друго училиште.

2.3 Повторување на учениците

- Во учебната 2014/2015 година сите ученици ја завршија учебната година.

Подрачје 2: Постигања на учениците

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).
(и) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Наведете ги сите документи кои се прегледани.</td><td></td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>

- ***Годишен план и програма;***
- ***Дневник на паралелката***
- ***Извештаи за успехот на учениците;***
- ***Записници од Советот на паралелката***
- ***Записници од Наставнички совет;***
- ***Извештај за просечен успех на училиштата на екстерните испити од Државната матура***

</td><td>4.2.1 Постигања на учениците</td><td>
Во училиштето за подобрување на постигањата на учениците се одржува дополнителна и продолжителна настава во зависност од потребите на учениците или по потреба со цел учениците полесно да ја совладаат наставната материја по одделен наставен предмет. Се одржуваат и индивидуални разговори на одредени ученици со педагогот и социологот со цел да се подобрат постигнувањата на учениците.
За талентираните ученици по одредени области се организира додатна настава и консултации кога се организираат натпревари по одредените области со цел да се постигнат повисоки резултати на натпреварите, со што се подобруваат постигањата на учениците.
<table>
<tr><td>Успехот по предмети на крајот од учебната 2014/2015 год. е:</td></tr>
<tr><td>Македонски јазик и литература - 4,14;</td></tr>
<tr><td>Англиски јазик I - 4,09;</td></tr>
<tr><td>Германски јазик II - 4,06;</td></tr>
<tr><td>Француски јазик II - 4,10;</td></tr>
<tr><td>Италијански јазик III - 4,47;</td></tr>
<tr><td>Латински јазик - 4,40;</td></tr>
<tr><td>Математика - 3,43;</td></tr>
<tr><td>Физика - 3,71;</td></tr>
<tr><td>Хемија - 3,73;</td></tr>
<tr><td>Биологија - 3,81;</td></tr>
<tr><td>Историја - 4,19;</td></tr>
</table>
</td></tr>
</table>

Географија - 4,39;
Музичка уметност - 4,57;
Ликовна уметност-4,95;
Спорт - 4,92;
Социологија - 4,38;
Филозофија - 4,34;
Филозофија изборна - 4,08;
Психологија - 4,03;
Педагогија - 4,15;
Етика - 3,67;
Логика - 3,95;
Вовед во право - 4,21;
Менаџмент - 4,19;
Економија - 4,32;
Бизнис и претприемништво - 4,31;
Компаративна книжевност - 4,29;
Информатика - 3,73;
Информатичка технологија - 4,70;
Програмски јазици - 4,94;
Алгебра - 4,24;
Линеарна алгебра и аналитичка геометрија - 4,39;
Математичка анализа - 4,96.
Елементарна алгебра - 4,59;
Говорење и пишување - 4,27;
Драмска ументост - 4,5;
Психомоторика - 4,85;
Тренирање фудбал - 5;
Теорија и основи на фудбалот - 5;
Среден успех на училиштето - 4,31.

		Број на ученици по успех на крај од учебната 2014/2015 год. е: **- Прва година:** вкупно 228; Одлични 99; Мн.добри 88: Добри 41; Доволни 0 ; Повторувачи 0. **- Втора година:** вкупно 228; Одлични 104; Мн.добри 5469; Добри 69; Доволни 1; Повторувачи 0. - **Трета година:** вкупно 214; Одлични 96; Мн.добри 68; Добри 49; Доволни 1; Повторувачи 0 - **Четврта година:** вкупно 227; Одлични 134; Мн.добри 44; Добри 44; Доволни 5; Повторувачи 0 Преку споредувањата на просечниот успех по години и тоа прва 4,14, втора 4,09, трета 4,18 и четврта 4,29 можи да се заклучи дека учениците од четврта година имаат највисок просечен успех, а втора година најслаб просечен успех Во учебната 2014/2015година нашите талентирани гимазијалци освоија голем број на награди на државните натпревари. • Гимназиската екипа во женски фудбал на државен натпревар во 2015 година го освои третото место. • На Државниот натпревар по скијање, нашите ученици освоија две втори места и едно трето место. • На Државниот натпревар по карате освоија едно прво место, две втори места и две трети места. • На Државниот натпревар по информатика- програмирање, наш ученик освои второ место.

		• На Државниот натпревар на младите истражувачи на Р. Македонија во областа - web дизајн, освоен е сребрен медал. • На Македонска олимпијада по информатика- програмирање, наш ученик од IV година освои сребрен медал. • На Државниот натпревар по математика, освоија едно прво место, две втори места и едно трето место. • На Државен натпревар по географија, наш ученик освои второ место. • На Државен натпревар по македонски јазик и литература, наш ученик освои второ место. • На Државниот натпревар по биологија освоено е трето место. • На Државен натпревар на млади истражувачи од Р. Македонија – биологија, освоиле едно прво место и едно трето место. • На Државниот натпревар по хемија, освоено е второ место. • На Државниот натпревар по физика-освоено е трето место. • На Државниот натпревар по народна техника, нашите ученици освоија две втори места и едно трето место. • На Хемиската олимпијада наш ученик освои второ место. • На Државниот натпревар по хор, нашите хористи освоија прво место, а на државниот натпревар по оркестар освоија второ место.
Дневник на паралелката ***Извештаи за успехот на учениците;***	***4.2.2 Задржување/ намалување на бројот на учениците***	Од извештајот за бројноста, успехот и поведението на учениците за учебната 2014/2015 год. може да се види дека од запишаните 907 ученици, придошле 6 ученици, напуштиле 0 ученици, односно останале на крајот 913. Припадноста на полот, етничката припадност или економскиот статус на семејствата од учениците, нема никакво влијание на тие ученици што повторуваат или ја напуштиле Гимназијата.

Записници од Советот на паралелката ***Записници од Наставнички совет;***	***4.2.3 Повторување на учениците***	Во училиштето постојат процедури и се запазуваат при напуштањето или повторувањето на учениците. На секој ученик што ја повторува годината му е овозможено да поднесе жалба до Наставнички совет или Училишен одбор. Директорот ја следи работата на наставниците со посета на часови. Директорот, падагогот и социологот ја следат работата на наставниците, имаат постојана соработка и им даваат поддршка во нивниот професионален развој.

Подрачје 2: Постигања на учениците

Собирање на податоци; кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)		
Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци	***Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации***	***Кои информации се собрани?***
Советувања на родителите од страна на педагогот ***Разговори со класните раководители;*** ***Разговори со педагогот и социологот на Училиштето;*** ***Анкети од страна педагогот и социологот;***	***Класни раководители*** ***Донка Деркоска*** ***Зоре Присаќанец***	Во нашето училиште со цел да се подобрат постигнувањата на учениците, се води ученичко досие кое се наоѓа кај класниот раководител и истото е достапно на секој (директор, стручна служба, родител). Се одржуваат дополнителна и додатна настава со одредени ученици. Со учениците кои покажуваат послаб успех се разговара и се следи успехот во текот на целата година. Разговорите ги врши покрај класниот раководител, одделни наставници, педагогот и социологот на училиштето вклучувајќи го и родителот на ученикот.

Подрачје 2: Постигања на учениците

Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости

Клучни јаки страни:

- Усвоени знаења според можностите на учениците што може да се забележи од приложените податоци за постигнат успех;
- Одржување на додатни и дополнителни часови;
- Успешно завршување на образовниот циклус;
- Зголемена соработка со родителите преку реализираните советувањата на родителите од страна на педагогот.
- Стручноста на наставниците и нивниот професионален однос за време на одржување на теоретската настава;
- Несебичност кон работата како и желбата на наставниците за афирмирање на училиштето во општината и пошироко преку учеството во разните манифестации и натпревари;
- Систематско и редовно следење на постигањата на учениците;
- Примена на критериумите и стандардите дадени од БРО за оценување на постигањата на учениците;
- Соработка на наставниците и училиштето со повеќе субјекти како: други училишта, институции и локална самоуправа;
- Додатната настава како и учеството на натпревари ги поттикнуваат учениците да ги развијат своите вештини, да стекнат нови навики, знаења и умеења.

Слабости:

- Нема можности за поголем број часови од дополнителна и додатна настава за учениците поради работењето на училиштето во две смени и недоволен број на училници.
- Недоволна мотивираност кај учениците за постигање на повисоки резултати во учењето;
- Недоволен интерес на учениците со потешкотии во учењето за дополнителна настава;
- Голем број изостанувања од страна на одреден број ученици;
- Недоволен интерес и соработка на родителите со училиштето;

Подрачје 2: Постигања на учениците

Анализа на резултатите: ***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***
Во нашето училиште 100 % го завршуваат средното образование. Наставната планирана програма целосно се реализира. Постигнатите резултати во целост се претставени погоре на бараното прашање. Од ова можеме да заклучиме дека постигнатиот успех ги задоволува поставените стандарди во процесот на образованието. Со одржување на додатна и дополнителна настава се оди со подобрување на успехот кај одредени ученици од што согледуваме дека во нашето училиште има многу мал број на ученици кои ја повторуваат учебната година. Во нашето училиште со донесувањето на Правилникот за однесување на учениците значително се подобрени постигнувањата кај учениците гледано од сите аспекти(успех, дисциплина, редовност, одговорност, другарството, хуманоста, учеството на различни натпревари).
Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето - Обука на наставниците за нивно стручно унапредување. - Набавка на нагледни и наставни средства за одделни наставни предмети. - Обезбедување на финансиски средства за редовно учество на организирани натпревари.

АНАЛИЗА НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ НА ЕКСТЕРНИТЕ ИСПИТИ ОД ДРЖАВНАТА МАТУРА ВО УЧЕБНАТА 2013/2014 И 2014/2015 ГОДИНА

Анализата се прави за да се согледаат постигнувањата на учениците по секој екстерен предмет поединечно и за да се изврши споредба на постигнувањата во учебната 2013/2014 и во учебната 2014/2015 година.

Споредбата се врши по проценти и просечна оценка. Можни се минимални бројчени отстапки во графичките прикази затоа што се претставени со една или две децимали.

Вкупната просечна оценка на матурата е пресметувана по формулата: збир на сите оценки / 3 (број на екстерни предмети по ученик) / број на ученици кои полагале Државна матура.

Во двете учебни години за кои се се прави анализа, имаше ист модел за полагање на Државна матура т.е. како екстерни предмети се полагаат:

- задолжителен предмет – македонски јазик и литература
- прв изборен предмет – математика или странски јазик (англиски, германски или француски јазик)
- втор изборен предмет од следната листа: филозофија, хемија, историја, физика, биологија, математика (доколку не е избран како прв изборен предмет) и странски јазик (доколку не е избран како прв изборен предмет)

Анализата има бројчен приказ и графички приказ на резултатите.

Резултати – екстерни испити матура 2013/14

Македонски јазик и литература	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	10	20	5,59	
тројки	57	171	31,84	
четворки	93	372	51,96	
петки	19	95	10,61	
Вкупно	179	658	100	3,67598

Англиски јазик	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	1	1	0,64	
двојки	20	40	12,82	
тројки	30	90	19,23	
четворки	71	284	45,52	
петки	34	170	21,79	
Вкупно	156	584	100	3,74359

Германски јазик	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	0	0	0	
тројки	0	0	0	
четворки	0	0	0	
петки	3	15	100	
Вкупно	3	15	100	5,0

Математика	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	6	12	13,34	
тројки	19	57	42,22	
четворки	15	60	33,33	
петки	5	15	11,11	
Вкупно	45	144	100	3,2

Резултати – екстерни испити матура 2014/15

Македонски јазик и литература	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	3	6	1,32	
тројки	33	99	14,47	
четворки	114	456	50,00	
петки	78	390	34,21	
Вкупно	228	951	100	4,17105

Англиски јазик	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	48	96	23,08	
тројки	39	117	18,75	
четворки	78	312	37,50	
петки	43	215	20,67	
Вкупно	208	740	100	3,55769

Германски јазик	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	0	0	0	
тројки	0	0	0	
четворки	3	12	33,33	
петки	6	30	66,67	
Вкупно	9	42	100	4,66666

Математика	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	15	30	23,81	
тројки	31	93	49,21	
четворки	13	52	20,63	
петки	4	20	6,35	
Вкупно	63	195	100	3,09524

Резултати – екстерни испити матура 2013/14

Филозофија	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	0	0	0	
тројки	20	60	20	
четворки	34	136	34	
петки	46	230	46	
Вкупно	100	426	100	4,26

Билогија	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	0	0	0	
тројки	0	0	0	
четворки	1	4	7,69	
петки	12	60	92,31	
Вкупно	13	64	100	4,92308

Историја	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	0	0	0	
тројки	15	45	21,43	
четворки	40	160	57,14	
петки	15	75	21,43	
Вкупно	70	280	100	4,0

Хемија	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	0	0	0	
тројки	3	9	23,08	
четворки	6	24	46,15	
петки	4	20	30,77	
Вкупно	13	53	100	4,07692

Резултати – екстерни испити матура 2014/15

Филозофија	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	1	1	1,21	
двојки	8	16	9,64	
тројки	32	96	38,55	
четворки	32	128	38,55	
петки	10	50	12,05	
Вкупно	83	291	100	3,50602

Билогија	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	0	0	0	
тројки	5	15	100	
четворки	0	0	0	
петки	0	0	0	
Вкупно	5	15	100	3,0

Историја	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	1	2	4,17	
тројки	1	3	4,17	
четворки	2	8	8,33	
петки	20	100	83,33	
Вкупно	24	113	100	4,70833

Хемија	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	0	0	0	
тројки	4	12	26,67	
четворки	7	28	46,66	
петки	4	20	26,67	
Вкупно	15	60	100	4,0

Резултати – екстерни испити матура 2013/14

Физика	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	0	0	0	
тројки	3	9	100	
четворки	0	0	0	
петки	0	0	0	
Вкупно	3	9	100	3,0

Француски јазик	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	0	0	0	
тројки	0	0	0	
четворки	1	4	50	
петки	1	5	50	
Вкупно	2	9	100	4,5

Екстерни испити матура 2013/14

Вкупна просечна оценка: 3,85


Резултати – екстерни испити матура 2014/15


Физика	бр. На оценки	Збир	%	Просек
единици	0	0	0	
двојки	1	2	100	
тројки	0	0	0	
четворки	0	0	0	
петки	0	0	0	
Вкупно	1	2	100	2,0


Екстерни испити матура 2014/15


Вкупна просечна оценка: 3,78



Македонски јазик и литература
проценти
60
50
40
30
20
10
0
0 0
5.5
1.3
31.8
14.4
51.9
50
10.6
34.2
2013/2014
2014/2015
единици
двојки
тројки
четворки
петки
оценки


Македонски јазик и литература
просечна оценка
4.40
4.20
4.00
3.80
3.60
3.40
3.68
4.17
2013/2014
2014/2015



Англиски јазик
проценти
50.0
40.0
30.0
20.0
10.0
0.0
0.6 0
12.8
23.1
19.2
18.7
45.5
37.5
21.8
20.7
2013/2014
2014/2015
единици
двојки
тројки
четворки
петки
оценки



Англиски јазик
просечна оценка
3.80
3.70
3.60
3.50
3.40
3.74
3.56
2013/2014
2014/2015



Германски јазик
проценти
120
100
80
60
40
20
0
0 0
0 0
0 0
0
33.3
100
66.7
единици
двојки
тројки
четворки
петки
оценки
2013/2014
2014/2015



Германски јазик
просечна оценка
5.20
5.00
4.80
4.60
4.40
5.00
4.66
2013/2014
2014/2015



Математика
проценти
60
50
40
30
20
10
0
0 0
13.3
23.8
42.2
49.2
33.3
20.6
11.1
6.4
единици
двојки
тројки
четворки
петки
оценки
2013/2014
2014/2015



Математика
просечна оценка
3.25
3.20
3.15
3.10
3.05
3.00
3.20
3.09
2013/2014
2014/2015



Филозофија
проценти
50
40
30
20
10
0
0
1.2
0
9.6
20
38.6
34
38.6
46
12.1
единици
двојки
тројки
четворки
петки
оценки
2013/2014
2014/2015



Филозофија
просечна оценка
5.00
4.00
3.00
2.00
1.00
0.00
4.26
3.51
2013/2014
2014/2015



Биологија
проценти
120
100
80
60
40
20
0
0
0
0
0
100
7.7
0
92.3
0
единици
двојки
тројки
четворки
петки
оценки
2013/2014
2014/2015


Биологија
просечна оценка
6.00
4.00
2.00
0.00
4.92
3.00
2013/2014
2014/2015



Историја
проценти
100
80
60
40
20
0
0 0
4.2 0
4.2 21.4
8.3 57.1
83.3 21.4
единици
двојки
тројки
четворки
петки
оценки
2013/2014
2014/2015



Историја
просечна оценка
5.00
4.50
4.00
3.50
4.71
4.00
2013/2014
2014/2015


Хемија
проценти
50
40
30
20
10
0
0 0
0 0
23.1 26.7
46.2 46.7
30.8 26.7
единици
двојки
тројки
четворки
петки
оценки
2013/2014
2014/2015


Хемија
просечна оценка
4.10
4.05
4.00
3.95
4.07
4.00
2013/2014
2014/2015







Споредбената анализа на резултатите од екстерните испити на Државната матура е направена во септември 2015 година. При анализата се користени официјалните бази на податоци на Училишната матурска комисија.

Анализата ја изработи проф. Анкица Стеваноска Јанческа, секретар на УМК во учебната 2013/2014 и 2014/2015 год.

5. *Подрачје 3: Учење и настава*

Оддели во рамките на подрачјето:

3.1 Планирање на наставниците

- За реализација на наставните планови и програми наставниците подготвуваат : годишен глобален план, тематски планирања, оперативни планови за час, програми за дополнителна и додатна настава.
- Планирањата на наставниците содржат јасни цели на учењето, активности на часовите, интерактивни форми и методи, очекувани резултати од учењето, избор на задачи во текот на часот како и задачи за домашна работа, проверка на постигањата на учениците, констатации / евалуација на реализиран час.
- Дел од наставниците во своите планирања наведуваат кои наставни содржини ќе ги реализираат со примена на ИКТ во наставата.
- Училиштето има системи за поддршка и следење на планирањата и реализацијата на наставната програма.
- Искуства и информации при планирањето наставниците разменуваат на ниво на стручниот актив, колеги од други училишта, советници од БРО и Државен испитен центар.

3.2 Наставен процес

- Наставниците применуваат повеќе наставни форми и методи за реализација на наставата индивидуална работа, работа во групи, кооперативно учење, истражување, power point презентации, изработка на визуелни помагала и изработка на проекти.
- Голем дел од наставниците применуваат ИКТ во наставата (истражување од страна на учениците, часови подготвени со power point презентации).
- Наставниците применуваат наставни форми и методи за развивање на индивидуалните вештини на секој ученик.

- Наставниците користат различни ресурси и приоди за реализација на наставата и тоа одобрени учебници, стручна литература, интернет (web страната на БРО и други web страни поврзани со образованието), цртежи, слики,
- нагледни средства, материјал и алати за практична настава за учениците од гимназиско образование.
- Наставниците подеднакво се однесуваат кон учениците и не прават разлика помеѓу учениците според нивниот пол, социјално потекло, етничката и религиската припадност и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците.
- Увид во годишните планирања на наставата, тематските и дневните подготовки.
- Посета на часови (секој наставник е посетен најмалку два пати во годината од директорот и стручната служба).
- Листи за набљудување при реализација на час
(портфолио за секој наставник).

3.3 Искуства на учениците од учењето

- Учениците се охрабруваат самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во учењето и наставата преку: кооперативно учење, работа во групи и парови, активирање на пасивни ученици, пофалби, набљудување и модифицирање на наставата; организирање на додатна настава за надарени ученици и нивно охрабрување за учество на натпревари; организирање на дополнителна настава за ученици со понизок квантум на знаења и мотивирање на истите;

- Учениците се охрабруваат да преземаат лична одговорност, самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во активности во и вон наставата.

- Соработката меѓу учениците и наставниците во училиштето се реализира преку спортски натпревари, учество на културни манифестации, учество во проекти, хуманитарни акции и сл.

3.4 Задоволување на потребите на учениците

- Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности како што се: реализација на целите предвидени во наставните програми (начинот на кој учениците го совладуваат материјалот,стилови на учење на учениците, потешкотии при совладувањето на материјалот, посебен интерес за материјалот кој се изучува).
- Наставниците ги почитуваат различните потреби на учениците во наставата преку **:** реализација на дополнителна настава, толерантен однос кон ученици со потешкотии во комуникацијата, додатна настава за надарени ученици, мотивирање и охрабрување на учениците за учество на натпревари.

3.5 Оценување (како дел од наставата)

- Се користат различни форми и методи за оценување на постигањата на учениците согласно законските прописи.
- Оценувањето е континуирано, јавно и оценката е образложена на секој ученик со факти и сугестии како ученикот да го подобри својот успех;
- Учениците се оценуваат преку усни одговори, наставни ливчиња, листи за аналитичко оценување и самооценување, чек листи, стандардизирани тестови и писмени работи (со повеќе тежински нивоа), домашни работи, изработка на проекти, активност и ангажираност во текот на часот.
- Евалуација и подобрување на планирањето и спроведувањето на наставата
- Разгледување на приодите на оценување на квантумот знаења на учениците.

3.6 Известување за напредокот на учениците

- Известување на родителите за напредокот на учениците се врши преку редовни и вонредни родителски средби, индивидуални консултации со наставниците, советот на родители, евидентни листови и сл.
- Родителите имаат пристап до Е – дневник и комуникација со педагошко – психолошката служба преку која добиваат информации за успехот на учениците.

Подрачје 3: Учење и настава

Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). Обработка на документи		
Наведете ги сите документи кои се прегледани.	***Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации***	***Кои информации се собрани?***
Годишни и тематски планирања и програми; ***Дневници на паралелките;*** ***Наставен план и програма;*** ***Упатства (решенија) за измени на наставните планови и програма од МОН и БРО;*** ***Програми за работа на стручни активи;*** ***Извештаи за работа на стручни активи;***	***5.3.1 Планирање на наставниците***	Секој наставник пред почетокот на учебната година изготвува годишен и тематски план и програма за реализација на својата наставна програма според укажувањата кои претходно се добиени од МОН и Бирото за развој на образованието. Врз основа на изготвената програма, наставниците изготвуваат подготовки за секоја наставна единица, односно наставна тема. Во таквите подготовки секој наставник подетално ги дефинира своите активности кои планира да ги реализира на самиот наставен час. Училиштето преку директорот, педагогот и социологот, има целосен увид во ваквите изготвени подготовки изработени од самите наставници и дава консултативна помош за нивна изработка. На овој начин е поставен еден целосен систем на следење на планираните активности од страна на наставниците. т.е целиот наставен процес, со што во голема мера се подобрува наставниот процес. Исто така наставниците изготвуваат план за дополнителна и додатна настава. Во наставните предмети наставниците вградуваат содржини од програмата "Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем ".Избраните еко – содржини т.е. точки на акција од еко-стандардите се во голем број и се доста добро поврзани со предметите и содржините кои одговараат со возраста на учениците и овозможуваат соодветно поврзување на предметите, истражување, анализирање, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл. Со што се допринесува преку нив да се поттикнат мисловните

		активности и да се развие еколошката свест кај учениците.Интегрираното планирање соодвествува со наставните планови и програми на БРО. Во ваквиот процес на планирање, наставниците имаат голема подршка од Бирото за развој на образованието, исто и од самото училиште. Постои обемност на наставните содржини по одделни предмети што оневозможува поголема флексибилност во планирањето на наставата. Размената на искуства и информациите кои се однесуваат на планирање на наставниот процес, наставниците ја остваруваат преку меѓусебни контакти и дискусии, и на тој начин го делат своето искуство со останатите колеги, чија цел е добивање поголема ефикасност во процесот на планирањето. Во нашето училиште постојат и стручни активи по сродни наставни предмети составени од наставници кои го предаваат соодветните предмети во кои комуникацијата е на едно завидно ниво и овозможува постојана размена на искуства и информации. Секој стручен актив изготвува Програма за работа на стручниот актив за тековната учебна година и Извештај за работата на стручниот актив за предходната учебна година.
Годишен и тематски план и програма; ***Дневник на паралелката;*** ***Наставен план и програма;*** ***Извештаи од***	***5.3.2 Наставен процес***	Наставниците при реализација на наставните планови и програми по наставните предмети, додатна и дополнителна настава користат разновидни и адекватни современи наставни методи, форми и техники. За таа цел спроведена е анкета на наставниците од нашето училиште. **(Прилог 1).** Врз основа на спроведената анкета на 10 мажи и 29 жени или вкупно 39 испитаници добиени се следниве резултати:

директорот за посета на часови; ***Извештаи од педагог и социолог за посета на часови;*** ***Анкетни листови;*** ***Извештај од извршената анкета;***	***Анкетен лист на наставници*** ***Одговорен пеофесор Барбара Велјаноска***	**Дополнителна настава** • 64,1% од анкетираните наставниците организираат дополнителна настава најмногу за учениците со недоволен успех, 25,6% за учениците со доволен успех, а 10,3% за оние ученици со добар успех. • 56,4% од анкетираните наставниците изготвуваат писмена подготовка за часовите за дополнителна настава, 25,6% не изготвуваат писмена подготовка, а 18 % ја изготвуваат писмената подготовка за часовите за дополнителна настава понекогаш. • 79,5% од испитаните наставници сметаат дека часовите за дополнителна настава им помага на учениците во подобрувањето на нивните постигнувања; 7,7% сметаат дека дополнителната наставна не помага за да се подобри квалитетот на знаењата, 5,1% сметаат дека можно е понекогаш да има подобрување, а 7,7% сметаат дека дека потребно е да се има основни познавања од предметот за да има подобрување во наставниот процес кај учениците кои посетуваат часови за дополнителна настава. **Додатна настава** • 79,5 % од анкетираните наставници организираат додатна настава најмногу за учениците со одличен успех, 5,1% за учениците со многу добар успех, а 2,6% за оние ученици кои сакаат да пристствуваат на тие часови и 12,8% не реализираат додатна настава. • 56,4% од анкетираните наставници изготвуваат писмена подготовка за часовите за дополнителна настава, 25,6% не изготвуваат писмена подготовка, а 18% ја изготвуваат писмената подготовка за часовите за дополнителна настава понекогаш. • 64,2% од испитаните наставници додатната настава ја реализираат во текот на целата училишна година, 23% ја реализираат само пред натпревари, 5,1% не

	Анкетен лист на родители ***Одговорни професори*** ***Петкана Цветкоска*** ***Калина Секулоска***	реализираат воопшто додатна настава и 7,7% реализираат во зависност од интересот на учениците и по потреба и барање на учениците. **<u>Наставни форми и методи</u>** • Најкористени наставни форми кои ги набројале испитаните наставници од нашето училиште се следните: фронатална форма, индивидуална форма, работа во групи и работа во парови. • Најкористени наставни методи кои ги набројале испитаните наставници од нашето училиште се следниве: метод на усно излагање, метод на пишување, демонстративен метод, структурален метод, текст -метод, метод на разговор, кооперативно учење, метод на самостојна работа. 48,7% од испитаните наставници сметаат дека учењето во училницата е активно, диманично и има работна атмосфера, 30,8% сметаат дека тоа е просечно и 20,5% сметаат дека таквото учење е на пониско ниво. • 6,4% од анкетираните наставници се изјасниле дека применуваат ИКТ во наставата во зависност од наставнните содржини, 28,2 % се изјасниле дека ретко применуваат ИКТ во наставата, а 15,4% одговориле дека често користат ИКТ во наставата. • 53,8% од наставниците одвреме – навреме им задаваат домашна работа на учениците, а 46,2% редовно им задаваат домашна работа, а нема наставници кои не има задаваат домашна работа воопшто. Со цел да се зголеми интересот за учење кај учениците анкетираните наставници од нашето училиште ги навеле следниве активности : - Да се намали бројот на предметите кои се изучуваат и бројот на часови неделно; - Намалување на наставните програми, зголемување на часови за вежби и повторување;

- Употреба на интерактивни бели табли и учебници со електронска содржина (изготвени од МОН и БРО);
- Опремување на кабинетите со соодветни наставни средства и помагала
- Спојување на теоретските знаења со практиката;
- Соработка со разни институции;
- Стипендирање на талентираните ученици со државни награди;
- Употреба на вистински реални критериуми за вреднување на квалитетот на наставата.

Исто така е спроведена анкета на 45 родители, (14 мажи и 31 жена) **(Прилог 2).** Стручна спрема: високо образование 7 мажи и 13 жени, вишо образование 1 маж и 5 жени, средно образование 6 мажи и 12 жени и со основно образование 1 жена. Анкетата се однесува на наставниот процес, искуствата на учениците од учењето, задоволување на потребите на учениците и известување на напредокот на учениците. Резултатите се истакнати подолу во секој од горенаведените делови. Во поглед на наставниот процес резултатите на поставените прашања се следниве:

Примена на интерактивни наставни форми и методи кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење.

- 28% од родителите сметаат дека во наставата се користат разновидни форми и методи кои се соодветни на потребите на учениците;
- 51% од родителите се изјасниле дека во наставата делумно се користат разновидни форми и методи.
- 21% од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање.

		Реализација на дел од наставните содржини со примена на ИКТ • 22% од родителите сметаат дека дел од наставните содржини се реализираат со примена на ИКТ • 48% од родителите делумно се согласуваат дека дел од наставните содржини се реализираат со примена на ИКТ. • 30% од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање. **Примена на интерактивни методи (прашања, дискусии, работа во групи) од страна на наставниците кои поттикнуваат соработка помеѓу учениците.** • 34% од родителите се изјасниле дека наставниците применуваат интерактивни методи(прашања, дискусии, работи во групи) кои поттикнуваат сооработка помеѓу учениците. • 51% од родителите се изјаснија дека делумно се применуваат интерактивни методи кои поттикнуваат сооработка помеѓу учениците. • 15% од родителите се изјаснија негативно во однос на ова прашање. **Поттикнување на учениците при усвојувањето на новите наставни содржини да ги користат веќе стекнатите знаења и вештини од соодветниот предмет или други предмети.** • 51% од родителите се изјасниле дека наставниците при усвојувањето на новите наставни содржини ги поттикнуваат учениците да ги користат веќе стекнатите знаења и вештини од соодветниот предмет и од други предмети. • 37% од родителите делумно се согласуваат околу ова прашање. • 12% од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање.

		Домашни работи кои се поврзани со активностите и наученото за време на часовите. • 51% од родителите сметаат дека наставниците задаваат домашни работи кои се поврзани со активностите и наученото за време на часовите. • 37% од родителите делумно се согласуваат околу ова прашање. • 12% од родителите се изјасниле дека негативно се изјасниле околу ова прашање. **Примена на различни материјали (учебници, збирки, речници, интернет) во наставата за мотивирање на учениците да учат и поттикнување интерес кон темите што се изучуваат.** • 55% од родителите сметаат дека се користат различни материјали (учебници, збирки, речници, интернет) во наставата за мотивирање на учениците да учат и побудување на интерес кон темите што се изучуваат. • 24% од родителите делумно се согласуваат • 16 % од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање. **Наставниците ги поттикнуваат учениците активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени.** • 37% од родителите сметаат дека наставниците ги поттикнуваат учениците да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени. • 48% од родителите делумно се согласуваат • 15 % од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање.

		Наставниците се однесуваат со учениците на **начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање.** • 61% од родителите сметаат дека наставниците се однесуваат кон учениците на начин кој промовира взаемно почитување,помош,сооработка и разбирање. • 33% од родителите делумно се согласуваат во однос на ова прашање • 6% од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање. Не постојат стереотипи за машки и женски активности и професии. Има подеднаков третман кон сите ученици без разлика на полот или етничката припадност, независно дали станува збор за испрашување, за користење на расположливите ресурси и така натаму. Еднаквоста на машките и женските ученици постои уште при нивното запишување во прва година во Гимназијата, кога се внимава на нивната еднаква застапеност во паралелките. Директорот, педагогот и социологот ја следат работата на наставниците со посета на часови и им даваат континуирана поддршка во наставниот процес.
Годишен и тематски план и програма; ***Дневник на паралелката;*** ***Наставен план и програма;***	***5.3.3 Искуства на учениците од учењето***	Наставниците со различни методи применети во тек на наставата настојуваат да ги мотивираат подеднакво сите ученици независно дали станува збор за машки или женски ученици. Наставниците преку коректниот однос и истакнувањето на резултатите на најдобрите ученици независно од полот дополнително ги стимулира за понатамошно успешно учество во образовниот процес. Учениците со загрозено социјално потекло се потпомагаат со различни социјални пакети-условен паричен надоместок од МОН и МТСП, финансиска помош за ученикот подеднакво да учествува во организираните научни екскурзии од страна на училиштето и друго.

	Анкетен лист на родители	Во училиштето постои соодветен простор каде се изложуваат трудовите на учениците (ликовни изложби, постери и сл.). Во постоечкиот простор на изложување на трудовите не постои никаква бариера помеѓу изложените трудови на различни категории од ученици независно дали станува разлика во полот или етничката припадност. Преку современите наставни методи и техники, преку припремите за учество во натпревари, информирање, разговори и дебати со наставниците, директорот, педагогот и социологот, се охрабруваат учениците да превземат лична одговорност, самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во учењето односно наставата. Врз основа на спроведената анкета **(Прилог 2)** добиени се следните резултати: **Изработените трудови од страна на учениците се изложуваат на видно и соодветно место во училница или во училиштето.** • 34% од родителите сметаат дека изработените трудови на учениците се изложуваат на видно место во училница или во училиштето. • 46% делумно се согласуваат, а • 20% од родителите се изјасниле негативно. **Најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.** • 29% од родителите сметаат дека наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат и да изведуваат заклучоци, • 53% од родителите делумно се согласуваат, • 18% од родителите сеизјасниле негативно.

	Анкетен лист на ученици ***Одговорни професори*** ***Петкана Цветкоска*** ***Евгенија Нешкоска***	**Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето** • 28% од родителите се изјасниле дека учениците и наставниците работат на различни проекти во и надвор од државата, • 51% од родителите делумно се согласуваат, а • 21% се изјасниле негативно. **Постои голем опус на активности во училиштето кои моето дете ги смета за интересни и пријатни.** • 26% од родителите сметаат дека голем број активности нивното дете ги смета за пријатни, • 51% од родителите делумно се согласуваат • 23% се изјасниле негативно. **Врз основа на спроведената анкета (Прилог 3) добиени се следните резултати:** **Наставниците користат различни форми и методи за оценување на постигнувањата на учениците** • 18% -ДА, сите наставници користат, • 34%- голем дел од наставниците користат, • 41%- мал дел од наставниците користат, • 7% -НЕ користат различни методи на оценување **Наставниците континуирано ги слаедат постигнувањата на учениците** • 16% -ДА, сите наставници користат, • 46%- голем дел од наставниците користат, • 39%- мал дел од наставниците користат, • 0% -НЕ користат различни методи на оценување

		Наставниците ги запознаваат учениците со критериумите за оценување • 34% -ДА, сите наставници користат, • 37%- голем дел од наставниците користат, • 28%- мал дел од наставниците користат, • 1% -НЕ користат различни методи на оценување **Наставниците јавно и со образложение ги соопштуваат оценките** • 24% -ДА, сите наставници користат, • 52%- голем дел од наставниците користат, • 24%- мал дел од наставниците користат, • 0% -НЕ користат различни методи на оценување **Наставниците реално ги оценуваат трудовите н аучениците** • 10% -ДА, сите наставници користат, • 57%- голем дел од наставниците користат, • 28%- мал дел од наставниците користат, • 2,4% -НЕ користат различни методи на оценување, • друг одговор 3,6% **Наставниците користат различни и интересни наставни форми и методи** • 61% -ДА, сите наставници користат, • 29%- голем дел од наставниците користат, • 8%- мал дел од наставниците користат, • 0% -НЕ користат различни методи на оценување

		За учениците кои постигнуваат послаби резултати, наставниците организираат дополнителна настава • 8% -ДА, сите наставници, • 18%- голем дел од наставниците, • 57%- мал дел од наставниците, • 17% -ниту еден наставник **За учениците кои постигнуваат подобри резултати, наставниците организираат додатна настава** • 5% -ДА, сите наставници, • 14%- голем дел од наставниците, • 48%- мал дел од наставниците, • 25% -ниту еден наставник **Наставниците на учениците им препорачуваат дополнителна литература** • 7% -ДА, сите наставници, • 23%- голем дел од наставниците, • 52%- мал дел од наставниците, • 17% -ниту еден наставник, • друг одговор 1%

Годишен и тематски план и програма; ***Записници од наставнички совети*** ***Изјави и извештаи за изборот на учениците на изборните предмети, подрачја и проектни активности;*** ***Извештај за целите и компонентите на проектот „Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување - YES Мрежа"*** ***Сетификати од обуки на професорите;***	***5.3.4 Задоволување на потребите на учениците***	Образовните потреби на учениците во нашето училиште се идентификуваат од страна на наставникот во текот на самиот наставен процес, преку самостојниот избор на изборните предмети, подрачја и комбинации на учениците и проектни активности. Преку повторување на одредени теми се добиваат повратни резултати за потребите на учениците во согласност со наставниот процес. Преку поставување на прашања од страна на наставникот и добивањето на соодветните одговори од страна на учениците исто така се добива една појасна слика за образовните потреби на учениците истото се постигнува и преку одредени дискусии со учениците. Во нашето училиште им се дава поддршка на наставниците за да можат да ги задоволат идивидуалните образовни потреби на учениците. Реализирање на образовните потреби, а со тоа и реализирање на самата настава во целост се врши и страна на наставникот и негова пожртвуваност и со поддршка од директорот, педагогот и социологот на училиштето. Наставниците според своите можности и условите во училиштето се трудат да изнајдат модуси за обезбедување на учество на учениците во различните активности од образовен карактер, користењето на расположливите ресурси според нивните потреби - бесплатни учебници за сите ученици по сите наставни предмети обезбедени од МОН. Во нашето училиште не се изведува настава на друг јазик, освен на мајчин македонски јазик. Ова е заради тоа што нашето училиште се наоѓа во средина со мал број на припадници од други етнички заедници.

	Анкетен лист на родители	**Врз основа на спроведената анкета (Прилог 2) добиени се следните резултати:** **Училиштето навремено ги идентификува сите пречки (немање работна атмосфера, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) во процесот на учење и превзема активности за нивно отстранување.** • 33% од родителите се изјасниле дека училиштето навремено ги идентификува сите пречки(немање работна атмосфера,немање на учебници, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) и презема активности за нивно отстранување, • 37 % од родителите сметаат дека училиштето делумно ги идентификува пречките и презема активности, • 30% од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање. **Наставниците им помагаат на учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот и ги охрабруваат да посетуваат дополнителна настава.** • 52% од родителите се изјасниле дека наставниците им помагаат на учениците, • 33 % од родителите сметаат наставниците делумно им помагаат на учениците, а • 15% од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање. **Наставниците ги поттикнуваат талентираните ученици да користат дополнителна литература , да посетуваат додатна настава и да учествуваат на регионални и државни натпревари**. • 56% од родителите се изјасниле дека наставниците ги поттикнуваат учениците да користат дополнителна литература, • 38% од родителите сметаат наставниците делумно им помагаат на учениците, а • **6% од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање.**

Дневник на паралелката; ***Резултати од тестови, проекти, испити;*** ***Извештаи од Совет на паралелката;*** ***Записници од Наставнички совет;*** ***Свидетелства, дипломи***	***5.3.5 Оценување како дел од наставата*** ***Анкетен лист на родители***	Оценувањето на учениците во предметната настава, главно се одвива со стандардизирање на нивниот успех од 1-5 како и описно оценување за проектните активности. Оценувањето на учениците се врши преку различни тестирања, нивната активност за време на часот, писмени работи, изработување на проекти, оценување преку практична работа на компјутер и екстерни и интерни испити од Државната или Училишната матура на крајот од годината. Сите овие компоненти учествуваат во формирањето на оценката за секој ученик, при тоа се применуваат различни методи на објективност, отвореност и критичност. Врз основа на сето ова се издаваа свидетелства на крајот од годината и диплома за завршено гимназиско образование. Со цел за унапредување на оценувањето на ученците во наставта се одржа обука со дел од наставниците на тема ***„Примена на стандардите за оценување на учениците"*** во организација на БРО, МЦГО и USAID. Целите што беа поставени за оваа обука беа постигнати, односно учесниците ја согледаа потребата и од поинакво оценување во средните училишта, се запознаа со стратегиите и методите за формативно и сумативно оценување, ја согледаа врската меѓу оценките и нивоата на знаење, согледаа и како може да се користат различни методи на оценување при изведување оценка за конкретен предмет, како се изведува оценка за една тема, како се изведува сумарна оценка. Сите ученици се оценуваат на ист начин, т.е. не постојат посебни критериуми на успех за различни ученици кои покажуваат различни способности по одделни предмети.

		Врз основа на спроведената анкета **(Прилог 2)** добиени се следните резултати: **Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредокот на учениците во учењето.** • 39% од родителите се согласуваат дека наставниците користат различни методи и инструменти на оценување, • 46% делумно се согласуваат, а • 15% се изјасниле негативно на ова прашање. **Во текот на наставниот процес наставниците им даваат повратна информација на учениците за нивната работа, напредок и постигнувања.** • 41% од родителите се согласуваат дека во текот на наставниот процес наставниците им даваат повратна информација на учениците за нивната работа, • 46% делумно се согласуваат, а 13% одговориле негативно на ова прашање.
Дневник на паралелката; ***Записник од родителски средби;*** ***Евединциони листови;*** ***Свидетелства;*** ***Дипломи;*** ***Електронски дневник;***	***5.3.6 Известување за напредокот на учениците***	Учениците за својот напредок се информираат главно од своите наставници, како класните раководители така и предметни наставници после прегледувањето на нивните тестови и писмени работи, проекти, практично и усно оценување и преку електронскиот дневник. Родителите добиваат најобјективни информации за напредокот на своите деца и истите ги добиваат во текот на учебната година на секое тромесечие преку евидентни листови, на одржувањето на родителски средби и индивидуални средби со родителите и на крајот од учебната година во форма на свидетелство кое претставува документ со кој се дава една финална оцена за постигањата на учениците за таа тековна учебна година и преку електронскиот дневник.


	Анкета на родители	Напредокот на учениците, родителите континуирано го следат преку родителски средби, индивидуални средби со родителите, советувања со родителите. Врз основа на спроведената анкета **(Прилог 2)** добиени се следните резултати: **Наставниците се секогаш достапни за разговор со родителот во своите приемни денови.** • 76% од родителите се согласуваат дека наставниците се секогаш достапни за разговор во своите приемни денови, • 17% делумно се согласуваат, а • 7% одговориле негативно на ова прашање. **Родителските средби се добро организирани, корисни и класните раководители јасно ги пренесуваат информациите.** • 72% од родителите се изјасниле дека родителските средби се добро организирани, корисни и класните раководители јасно ги пренесуваат информациите; • 24% од родителите делумно се согласуваат во однос на ова прашање, а • 4% негативно се изјасниле на ова прашање. **Класниот раководител редовно ги информира родителите со евидентен лист за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет ,вклучувајќи информации и за личниот и социјалниот развој на детето.** • 83% од родителите се согласуваат на ова прашање, • 11% делуно се согласуваат, а • 6% негативно се изјасниле на ова прашање.

		Родителите редовно го користат електронскиот дневник за да се информираат за успехот и поведението на своето дете. • 51% од родителите се редовно го користат електронскиот дневник, • 2% одговориле дека делумно се согласуваат со ова прашање, а • 28% негативно се изјасниле.

Подрачје 3: Учење и настава

Собирање на податоци; кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)		
Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци	***Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации***	***Кои информации се собрани?***
Изјави на сите ученици од прва и втора година	***- социолог - Зоре Присаќанец - класните раководители - обработка на податоците – професор Барбара Велјаноска***	Од изјавите на учениците од прва година за изборен предмет во втора година, добиени се следните податоци: ➢ во учебната 2014/2015 год. од вкупно 227 ученици 33 % избрале Информатичка технологија, 33,8 % - Етика, 5,7% избрале Латински јазик, околу 9,7 % - Елементарна алгебра и геометрија и 12,8 % избрале Говорење и пишување. ➢ во учебната 2015/2016 год. од вкупно 206 ученици(не вклучувајќи ги учениците од спортската академија), 65,5 % избрале Информатичка технологија, 23,8 % - Етика, 7,3% избрале Латински јазик, околу 3,4 % - Елементарна алгебра и геометрија.

Графички приказ:




Со анализа на податоците може да се заклучи дека за изборен предмет во втора година,најголема заинтересираност се појавува за учениците најмногу го избираат предметот Информатичка технологија, потоа со малку помал процент предметот Етика, и со најмал процент Латински јазик, Елементарна алгебра и предметот Говорење и пишување.

Добиените податоци во текот на две школски години ни укажуваат на голема заинтересираност на учениците и процентуален пораст на предметот Информатичка Технологија.

		Од изјавите на учениците од втора година за изборно подрачје за трета и четврта година, добиени се следните податоци: ➢ во учебната 2013/2014 год. од вкупно 231 ученици, 8,3 % избрале јазично-уметничко подрачје комбинација А, 9 % јазично-уметничко подрачје комбинација Б, 31,6 % избрале општествено-хуманистичко подрачје комбинација А, 21,6 % избрале општествено-хуманистичко подрачје комбинација Б, природно – математичко подрачје 16,9% избрале комбинација А и 12,6%избрале природно – математичко подрачје комбинација Б. ➢ во учебната 2014/2015 год. од вкупно 215 ученици, 8,3 % избрале јазично-уметничко подрачје комбинација А, 13,5 % јазично-уметничко подрачје комбинација Б, 36,8 % избрале општествено-хуманистичко подрачје комбинација А, 12,6 % избрале општествено-хуманистичко подрачје комбинација Б, природно – математичко подрачје 14,4% избрале комбинација А и 14,4%избрале природно – математичко подрачје комбинација Б. ➢ во учебната 2015/2016 год. од вкупно 227 ученици, 4,5 % избрале јазично-уметничко подрачје комбинација А, 17,7 % јазично-уметничко подрачје комбинација Б, 44,6 % избрале општествено-хуманистичко подрачје комбинација А, 12,4 % избрале општествено-хуманистичко подрачје комбинација Б, природно – математичко подрачје 15,5% избрале комбинација А и 5,3%избрале природно – математичко подрачје комбинација Б.

Графички приказ:



Со анализа на податоците може да се заклучи дека за изборно подрачје за трета и четврта година, учениците најмногу го избираат општествено-хуманистичко подрачје комбинација А, а се зголемува процентот на природно –математичко подрачје А и јазично-уметничко подрачје Б, а со помал процент се застапени општествено-хуманистичко подрачје комбинација Б и природно-математичко подрачје комбинација Б.

Подрачје 3: Учење и настава

Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости

Клучни јаки страни:

- Високо мотивирани и едуцирани наставници отворени за усовршување и унапредување на наставата;
- Континуирано изготвување на годишни и тематски планови и програми за работа;
- Целосно применување на интерактивната настава со што се следат најновите трендови во образованието со примена на современи форми, методи и техники;
- Рамноправност на учениците независно од полот;
- Еднаква мотивација на сите ученици;
- Успешност на многубројни натпревари каде учениците се докажале со многубројни награди на регионално, државно, балканско и светско ниво;
- Успешна идентификација на образовните потреби на сите ученици;
- Успешно применување на објективност, отвореност и критичност во оценувањето на учениците;

Слабости:

- Недостаток на наставни средства и помагала.
- Недостаток на простории за реализација на додатна, дополнителна настава и проектни активности.

Подрачје 3: Учење и настава

Анализа на резултатите:

Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје

Наставниците во нашето училиште на почетокот на секоја учебна година го изготвуваат годишните и тематските планови и програми за сите наставни предмети, дополнителна, додатна настава и проектни активности што претставува услов за квалитетна настава. Поддршката што ја добиваат наставниците заради поефикасно планирање е од страна на училиштето и од Бирото за развој на образованието. Меѓусебната комуникација на наставниците им овозможува размена на информации и искуства во однос на планирањето на наставниот процес.

Недостатокот на наставни средства и помагала со кои располага училиштето доведува до проблеми во наставата кои наставниците се обидуваат успешно да ги решат. Целосната примена на интерактивната настава доведува до успешно следење на најновите трендови.

Во нашето училиште не постои фаворизирање на одредени ученици. Наставниците со различни методи ги мотивираат подеднакво учениците. Не постои бариера помеѓу изложените трудови на различни категории ученици. Во нашето училиште наставата се изведува исклучиво на македонски јазик.

Оценувањето на учениците е описно и бројчено. Учениците за својот напредок се информираат од наставниците, а родителите се информирани преку свикување на родителски средби, евидентни листови, електронски дневник и повремени поединечни родителски средби. На крајот од учебната година за постигнатиот успех се информира преку свидетелства, дипломи и е-дневник.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Обезбедување на средства кои ќе се употребат за адаптирање или доградување на простории за дополнителна, додатна настава, за реализација на проектни активности, посебна просторија за поединични средби на класните раководители со родители.

- Обезбедување на средства за набавка на нагледни средства и помагала за поуспешно реализирање на наставниот процес.

Прилог 1

АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА НАСТАВНИЦИ

ПОДРАЧЈЕ: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Ве молиме, на прашањата одговарајте колку што е можно поискрено. Вашите одговори ќе придонесат за реална самоевалуација на училиштето во кое работите.
Ви благодариме!

Пол: а) машки б) женски

1 . Каков успех имаат учениците за кои организирате дополнителна настава?

А) недоволен Б) доволен В) добар Г)_____

2. Дали изготвувате писмена подготовка за часовите за дополнителна настава?

А) да Б) не В) понекогаш Г) не реализирам дополнителна настава

3. Дали часовите за дополнителна настава им помагаат на учениците во подобрувањето на нивните постигања?

А) да Б) не В) незнам - не реализирам дополнителни часови Г) зависи*

Појасни

_____

_____

4. Каков успех имаат учениците за кои организирате додатна настава?

А) одличен Б) мн.добар В) независно од успехот – секој кој сака

Г) не реализирам додатна настава

5. Дали часови за додатна настава ги организирате во текот на целата наставна година?

А) да Б) не, само пред натпревари В) не реализирам додатни часови воопшто

Г) друго _____

6. Кои наставни форми и методи најчесто ги користите во наставата?

а) форми _____

б) методи _____

7. Колку учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера?

а) малку б) средно в) многу г) друго _____

8. Колку често применувате ИКТ во наставата?

а) ретко б) средно в) често

9. Колку често на учениците им задавате домашна задача?

а) одвреме-навреме б) редовно им задавам домашна задача в) не им задавам домашна задача

10. Какви активности предлагате да се превземат за да се зголеми интересот за учење кај учениците?

_____

_____

Прилог 2

СОУ ГИМНАЗИЈА „МИРЧЕ АЦЕВ" - ПРИЛЕП
Инструмент за самоевалуација на училиштето
Прашалник за родители

Почитувани родители,
Пред вас е прашалник кој се однесува на наставниот процес, искуствата на учениците од учењето, задоволување на потребите на учениците и известување на напредокот на учениците.
Ве молиме внимателно да го прочитате прашалникот и објективно да го искажете својот став во врска со наведените искази.

Ви благодариме.

Прашалникот е анонимен

ПОЛ: М Ж

Стручна спрема: високо образование/ вишо образование/
средно образование/ основно образование

.
1 - неточно / не се согласувам
2 - делумно точно / делумно се согласувам
3 - точно / се согласувам

	Да се пополни со штиклирање √ во соодветната колона	**Точност**		
	Исказ / тврдење	**1**	**2**	**3**
	Наставниците користат разновидни наставни форми и методи со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум.			
	Наставниците дел од наставните содржини ги реализираат со примена на информатичка технологија			
	Наставниците преку интерактивни методи (прашања, дискусии, работа во групи) поттикнуваат соработка помеѓу учениците			
	Наставниците ги поттикнуваат учениците при усвојувањето на новите наставни содржини да ги користат веќе стекнатите знаења и вештини од соодветниот предмет или други други предмети			
	На учениците им се даваат соодветни домашни задачи поврзани за време на часовите кои им помагаат да постигнат подобри резултати во учењето .			
	Наставниците во наставниот процес користат различни материјали (учебници, збирки, речници, интернет)			

	Наставниците го поттикнуваат моето дете активно да учествува во наставата и неговиот придонес се цени.			
	Наставниците се однесуваат кон мене и моето дете на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање.			
	Изработените трудови од страна на учениците се изложуваат на видно и соодветно место во училница или во училиштето.			
	Најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.			
	Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето			
	Постои голем опус на активности во училиштето кои моето дете ги смета за интересни и пријатни.			
	Училиштето навремено ги идентификува сите пречки (немање работна атмосфера, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) во процесот на учење и превзема активности за нивно отстранување.			
	Наставниците му помагаат на моето дете кога има извесни потешкотии во совладувањето на материјалот и го охрабруваат да посетува дополнителна настава.			
	Наставниците ги поттикнуваат талентираните ученици да користат дополнителна литература, да посетуваат додатна настава и да учествуваат на регионални и државни натпревари			
	Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредок на моето дете .			
	Наставниците даваат конкретни информации за постигнувањата на моето дете, начинот и критериумите на оценување како и препораки како детето да го постигне својот максимум.			
	Наставниците се секогаш достапни за разговор со родителот во своите приемни денови .			
	Родителските средби се добро организирани и корисни и на нив јасно се пренесуваат информациите.			

	Класниот раководител редовно ме информира со евидентен лист за напредокот на моето дете по секој наставен предмет ,вклучувајќи информации и за личниот и социјалниот развој на детето			
	Редовно го користам електронскиот дневник за да се информирам за успехот и повоедението на моето дете.			

Прилог 3

П Р А Ш А Л Н И К

за постигањата и оценувањето на учениците

Упатство. Вашето мислење за вреднувањето на постигањата од страна на наставниците ни е исклучително важно за подобрување на овој сегмент од воспитно-образовниот процес. Ве молиме објективно искажете го своето мислење со заокружување односно дополнување на одговорот на одредено прашање. Вашите одговори се анонимни.

Година и клас: _____

1.Дали наставниците користат различни форми и методи за оценување на постигањата на учениците?
а) ДА, сите наставници користат
б) ДА, голем дел наставници користат
в) ДА, мал дел наставници користат
г) НЕ користат различни форми и методи за оценување
д) _____

2.Дали наставниците континуирано ги следат постигањата на учениците?
а) ДА, сите наставници
б) голем дел наставници
в) мал дел наставници
г) ниту еден наставник
д) _____

3. Дали наставниците ги запознаваат учениците со критериумите за оценување?
а) ДА, сите наставници
б) голем дел наставници
в) мал дел наставници
г) ниту еден наставник
д) _____

4.Дали наставниците јавно и со образложение ги соопштуваат оценките?
а) ДА, сите наставници
б) голем дел наставници
в) мал дел наставници
г) ниту еден наставник
д) _____

5. Дали резултатите на учениците наставниците реално ги оценуваат?
а) ДА, сите наставници реално оценуваат
б) голем дел наставници реално оценуваат
в) мал дел наставници реално оценуваат
г) неможам да проценам
д) _____

6. Дали наставниците користат различни и интересни наставни форми и методи на работа ?
а) ДА, сите наставници
б) голем дел наставници
в) мал дел наставници
г) _____

7. Дали си задоволен/а од постигнатиот успех?/
а) ДА б) НЕ в) _____

8. Дали твојот успех соодветствува на твоите способности?
а) Да
б) Не, може да биде и повисок
в) Незнам
г) _____

9. Што и какви активности да превземаат наставниците за да го зголемат кај учениците интересот за учење и мотивацијата за постигнување на повисоки резултати?

_____
_____
_____
_____
_____

10. Дали за учениците кои постигнуваат послаби резултати во учењето, наставниците организираат дополнителни часови?

а) ДА, сите наставници
б) голем дел наставници
в) мал дел наставници
г) ниту еден наставник

11. Дали наставниците организираат додатна настава за учениците кои постигнуваат високи резултати?

а) ДА, сите наставници
б) голем дел наставници
в) мал дел наставници
г) ниту еден наставник
д) _____

12. Дали наставниците на учениците им препорачуваат корисни Интернет страници, корисни емисии, книги, филмови?

а) ДА, сите наставници
б) голем дел наставници
в) мал дел наставници
г) ниту еден наставник
д) _____

6. *Подрачје 4: Поддршка на учениците*

Оддели во рамките на подрачјето:

4.1 Севкупна грижа за учениците

- Училишниот простор е безбеден за изведување на настава.
- Инфраструктурата во училиштето (мебелот,скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.
- Училиштето има изработено кодекс за ненасилно однесување на учениците и наставниците и истиот е достапен до сите субјекти.
- **На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува особено внимателно, со цел да не се повреди нивната личност, а кон истите се преземаат соодветни активности за санирање или ублажување на нивната состојба.**

4.2 Здравјето и пост-конфликтните трауми

- Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите за наставниците и учениците се чисти и редовно дезинфицирани. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот (пред почетокот на секоја смена и на крајот на денот).
- Останатиот училишен простор се чисти еднаш во денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чисти два пати во секое полугодие – задолжително на секој распуст.
- Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се посадени со трева и редовно се одржуваат.
- Грижата за здравјето на учениците се реализира преку редовни систематски прегледи, имунизација, превентивни мерки при појава на епидемии и заштита од заразни болести.

4.3 Советодавна помош на учениците

- Советодавна помош учениците добиваат од раководителот на паралелката, предметните наставници, училишниот педагог и директорот на училиштето
- Учениците се информирани уште при упис во прва година за помошта што можат да ја добијат од стручната служба (педагог и социолог) на училиштето, од страна на класните раководители, преку советот на родители, наставниците, директорот и родителите.
- Во училиштето постојат многу активности со кои им се помага на учениците во изборот на нивното понатамошно образование.

4.4 Следење на напредокот

- Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења (преку континуирано оценување – формативно и сумативно), присутност, нивното поведение (непосредно набљудување) и евиденција на изречени воспитни мерки.
- Евиденција им е достапна на сите наставници, родители и ученици.
- Следењето на напредокот на учениците е евидентирано во дневникот на паралелката.
- Родителите редовно најмалку четири пати годишно се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби или на индивидуални средби – на отворениот ден на предметниот професор.
- Класните раководители на крајот на секое тримесечие и полугодие поднесуваат извештај за постигањата на паралелката.
- Стручната служба редовно изготвува тримесечни, полугодишни извештаи за напредокот на учениците паралелките, според податоците добиени од класните раководители, а на наставничките совети се прави анализа на постигањата на учениците по паралелки и се предлагаат мерки за подобрување на истите.

Подрачје 4: Поддршка на учениците

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени.)
Обработка на документи</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наведете ги сите документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Годишна програма на училиштето
Годишен извештај на училиштето
Годишна програма за работа на педагогот и социологот
Записници од Наставнички совет
Записници од Совет на родители
Записник од родителски средби
Интервју со директорот
Правилник за видеонадзор
Кодекс на однесување на</td><td>6.4.1
Севкупна грижа за учениците</td><td>Грижата за учениците независно од полот, нивната безбедност и заштита, училиштето ја остварува низ ефективни форми и активности.
За подобрување на безбедноста и сигурноста на учениците, училишниот двор е ограден со висока ограда и ограден sид со кој физички е одделен од надворешната средина. Со тоа е намалена можноста лица кои не се ученици или вработени во Гимназијата да престојуваат во училишниот двор.
Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, прозорците, струјните места, дворот и тн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците.
Во училишниот двор се изгради повеќенаменско спортско игралиште.
За контрола на влезот и излезот во училишниот двор и во училишната зграда, постои видеонадзор. Со системот за видеонадзор покриен е најголем дел од површините во внатрешност на училиштето. Со тоа значително се подобрува грижата за учениците во смисла на безбедноста и сигурноста.
За заштита на учениците и вработените при евентуална природна катастрофа или несреќен случај, училиштето има План за евакуација, има поставено ПП апарати на одредени места во училиштето, постојат шематски прикази за евакуација по катови и повремено се изведуваат симулациони</td></tr>
</table>

наставниците и учениците ***Правилници за заштита на личните податоци*** ***Дневник на паралелката*** ***Програма од Образование за животни вештини*** ***Увид во просториите на училиштето и училишниот двор*** ***Правилник за заштита и спасување од елементарни непогоди*** ***План за евакуација*** ***Евиденција за влез во училиштето*** ***Распоред за дежурства на наставниците*** ***Пописни листи*** ***Списоци на ученици кои добиваат условен паричен***		вежби за евакуација од училиштето. Во сите ходници на училиштето поставени се панични светла. Дежурните и одговорните наставници се грижат за одржување на дисциплината, редот и безбедноста на учениците за време на одморите, при што под дежурен професорски надзор се сите спратови во училиштето како и училишниот двор. Во согласност со законската регулатива во училиштето постои забрана за пушење, консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции која подразбира дека во училиштето (училниците, канцеларииите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. За таа цел училиштето презема мерки за превенција од болестите на зависост со пропишани процедури за превенција и регистрирање на појави од пушење, алкохолизам и конзумирање наркотици.
		Преку анкетни прашалници, интервјуа, проекти, предавања и трибини се опфатени скоро сите ученици во процесот на превенција. Училиштето има изготвено Кодекс за однесување на учениците и вработените во училиштето, истиот е усвоен од Наставничкиот совет и е во согласност со веќе постоечкиот Куќен ред во Гимназијата, како и со Правилникот за работа. По иницијатива на Младинската заедница од училиштето, училиштето прифати (со Одлука на Наставничкиот совет) учениците за време на наставата да носат ученички униформи.

надоместок ***Списоци на ученици кои користат бесплатен превоз до училиштето*** ***Уплатници од хуманитарни акции*** ***http://www.youtube.com/watch?v=pC3GvJR6PgM*** ***Уплатници и фактури за извршени набавки, работи и услуги***		За зголемување на безбедноста во училиштето, на пријавницата при влез се евидентираат сите лица кои не се вработени или ученици. Поради опасност од можни повреди на учениците и поради дотраеност, од ходникот на вториот кат демонтирана е нефункционалната фонтана. Поради опасност од можно загрозување на здравјето на учениците и вработените, од хемиската лабораторијата отсранети се активните токсични хемикалии. Поради опасност од повреди од кабинетот по ОНО, отстранети се сите реквизити Во училиштето постојат неколку Правилници (усвоени од Наставничкиот совет) со кои се заштитуваат личните податоци на учениците. Во согласност со Законот за заштита на личните податоци и правилниците за заштита на личните податоци, на учениците и вработените во училиштето, сите лични податоци на учениците се заштитени, односно училиштето прави максимални напори за да не дојде до евентуална злоупотреба на личните податоци на учениците. Заради информираност на учениците и зголемување на безбедноста во училиштето, по барање на раководството на училиштето, припадници на инспекциските служби на МВР вршат повремени посети на класните часови, така што преку тие средби ги запознаваат учениците со нелегалната трговија со дрога, им даваат совети како да постапат ако некој им понуди дрога и сл. Во училиштето постои обучен кадар (наставници) за давање на прва медицинска помош. Училиштето соработува со здравствените установи, Центар за социјална

		работа, Полициска станица и други компетентни институции. За подобрување на хигиената во училишниот двор, во него редовно се обновуваат старите и се поставуваат нови корпи за отпадоци. Во согласност со законската регулатива училиштето се грижи секој ученик кој ги исполнува условите да добива условен паричен надоместок. Во согласност со законската регулатива училиштето се грижи секој ученик да добие бесплатни учебници на користење. Во случај на болест на некој ученик или родител на ученик, или некаков вид на несреќен случај, вработените и учениците во училиштето организираат хуманитарни акции за помош на тие ученици или родители на ученици. Училиштето го има единствениот музички средношколкски фестивал во Р.Македонија и секоја година овој фестивал е со хуманитарен карактер. Во учебната 2014/2015 овој фестивал го прослави своето пет годишно постоење и во тие пет години Гимфест помогна на опожарен манастир, парична помош на ученик на кој му требаа средства за лекување во Кина,помогна на ученици од нашето училиште кои ја претставуваа Р.Македонија на светска олимпијада,се помогна за возобновување на цркви и сл.Интенцијата е овој фестивал да прерасне во фестивал на државно ниво, но секогаш со себе да го носи хуманитарниот карактер со што ќе биди во функција на учениците и градот. Училиштето, наставниците, учениците и сите вработени се ангажираат да се олесни движењето во училиштето на учениците кои се здобиле со телесни повреди (скршеници на раце и нозе, операции). Се користат училници на приземје, учениците со пречки во развојот добиваат помош од соучениците на

		пр. во носење на училишната чанта и помош при движењето. Училиштето, за целосна интеграција на учениците од социјално загрозените семејства во наставните и воннаставните активности самоиницијативно одлучува да им помогне на овие деца, преку организирање бесплатни научни екскурзии и матурски забави, спроведување хуманитарни акции за собирање парични средства и помагање на социјално загрозените семејства. Како грижа за учениците, училиштето посредува и учествува во соработката со една успешна фирма од градот чиј сопственик донира еднократна значајна парична сума за четворица матуранти од Гимназијата.
Дневник на паралелката ***Записници на социологот*** ***Записници на педагогот*** ***Програма за работа на класниот час*** ***систематски прегледи*** ***стручни предавања***	***6.4.2 Здравјето и постконфликтни трауми***	Современото живеење ги наметнува предизвиците за заштита од голем број на болести со кои денешницата се соочува. Секојдневните навики кај учениците се важен елемент за заштита и превенција од заразни болести. Редовна хигиена на училишните простории и хигената кај учениците се неопходни за зачувување и одржување на здравјето. За таа цел, во училиштето, при вонредни состојби на епидемии и пандемии (птичји грип, свински грип, сите останати видови на грип и други вирусни и бактериски заболувања - сипаници, заушки, итн.) се преземаат соодветни мерки, со пропишување на процедури, одржување на предавања, актуелизација за време на часот на одделенската заедница, соработка со соодветни институции - (ЦЈЗ) преку доследно почитување на сите задолженија и инструкции дадени од нивна страна, редовни систематски прегледи на учениците и на наставниците. Од страна на класните раководители, наставниците, педагогот, социологот

		и директорот во училиштето до сега не е евидентиран случај на ментална или физичка злоупотреба на ученик независно од полот. Доколку би се јавил ваков случај преку разговор на раководниот орган, стручните служби, наставниците, учениците и родителите и за истиот ќе се бара соодветно решение. На одделенскиот час, одделенскиот раководител според програмата за Образование за животни вештини реализира наставни содржини и работилници кои опфаќаат и теми од справување со конфликтите и насилничкото однесување. Во училиштето често се одржуваат и стручни предавања за сексуално воспитување, предавања за здравствена заштита, за емоционалните прашања, проблеми и.т.н. Оваа проблематика е опфатена во наставните програми од одделни предмети и во програмата за работа на класниот час. Во училиштето не постојат ученици со физички и здравствени проблеми и со посебни образовни потреби. Во досегашната работа на училиштето нема евидентирано случај за ученик кај кој е идентификувана постконфликтна траума кој во спротивно би се труделе успешно да се реши. Во досегашната работа на училиштето постојат многу мал број на случаи на ученици кај кои се идентификуваат некои здравствени проблеми. Најчесто тие се проблеми кои се соодветни на нивната возраст (како на пример пубертетски проблеми) и истите во соработка со родителите се решаваат на најбезболен и најбрз начин. Во училиштето неколку години наназад не е евидентиран случај на бремени ученички.

Записници на социологот ***Записници на педагогот*** ***брошури, флаери, постери, дигитални записи и сл.***	***6.4.3 Советодавна помош на учениците***	Во текот на годината во училиштето се одржуваат работилници, обуки и предавања за ненасилна комуникација и медијација како дел од проектот за "Безбедни училишта" поддржан од ОБСЕ. Најважно е ученикот да ја знае разликата меѓу доброто и злото, а обучениот едукаторот го подучува детето да го замени злото со активност, оти здравата и безбедната средина е императив за здрави и среќни деца. Политиката на овој проект е јакнење на капацитетите на вработените и учениците, за да можат поефикасно да се соочат со секој предизвик,а тоа ја наметнува потребата постојано да се работи со учениците, наставниците, родителите и стручните служби. Во рамките на проектот, се подготвува и просторија за учениците и наставниците, тимот за безбедни училишта, која ќе послужи и како центар за медијација меѓу врсниците. Советодавна помош учениците добиваат кога професорот ќе заклучи дека ученикот има потреба или кога ученикот сам ќе ја побара, зависно од своите потреби, или доколку учениците покажуваат несоодветно однесување или имаат потешкотии во совладувањето на наставниот материјал. Советодавна помош учениците добиваат од раководителот на паралелката, предметните наставници, училишниот педагог и директорот на училиштето. Педагошката служба е секогаш отворена за потребите и за решавање на проблемите на учениците, родителите и наставниците, но и за сите убави моменти кои учениците сакаат да ги споделат. Родителите ја знаат улогата на педагошката служба и бараат помош и советување за решавање на потешкотиите што ги имаат учениците во однесувањето или во наставата. За жал има родители кои

		тешко се отвораат и не сакаат да зборуваат за тешкотиите. Решавањето на проблемите го оставаат на училиштето, сметајќи дека тоа е проблем само на вработените. Училиштето во вакви случаи иницира соработка со родителите и им укажува на потребата за заедничко делување и заемно помагање за доаѓање до решение. Учениците се информирани уште при упис во прва година за помошта што можат да ја добијат од стручната служба (педагог и социолог) на училиштето, од страна на класните раководители, преку советот на родители, наставниците, директорот и родителите. Во училиштето постојат многу активности со кои им се помага на учениците во изборот на нивното понатамошно образование. Со изборот на подрачјето и комбинацијата на изборни предмети на учениците од втора година со на секој ученик му се дава можност да се развие во оној правец во кој ги покажува и изразува своите желби интереси и способности како и да се подготви за соодветни студии, со презентации организирани од високообразовните институции во нашето училиште и помошта што ќе ја добиваат од Центарот за кариера во училиштето. Во оваа учебна година училиштето активно се вклучи во проектот на МОН и БРО „Заедничка грижа и правилно насочување на учениците" На тој начин училиштето ја зајакнува врската ученик-наставник-родител. Организирани се спортски, културни, забавни и едукативни активности во кои учество земаа родителите, учениците и наставниците.

Дневник на паралелката ***Евидентни листови*** ***Решенија за изречени педагошки мерки*** ***Записници од социологот*** ***Записници од педагогот*** ***Извештаи од советите на паралелките*** ***Записници од Совет на паралелка*** ***Записници од Наставнички совет*** ***Записници од родителските средби*** ***Преведници*** ***Правилник за изрекување на педагошки мерки и наградување на учениците*** ***Извештаи за освоени места на натпревари*** ***Свидетелства***	***6.4.4 Следење на напредокот***	Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења (преку континуирано оценување – формативно и сумативно), за напредокот, редовноста и поведението на учениците како и за нивниот развој. Родителите, редовно, најмалку 4 пати годишно, се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби или на индивидуални средби – на отворениот ден на одделенскиот наставник. За напредокот на учениците се дискутира и на Наставничкиот совет, кој по потреба предлага и презема мерки за подобрување на поведението на учениците. За учениците кои имаат негативни оценки по три или повеќе предмети, раководителите на паралелките ги поканuваат родителите кои имаат законска обврска да дојдат на советување. Советувањето на родителите го врши педагогот врз основа на Законот за средно образование. На овие совети се издвојуваат (идентификуваат) ученици кои се истакнуваат во својата работа (талентирани ученици) како и ученици кои заостануваат во своите постигања. Во евидентирањето на успехот на учениците како и на нивниот напредок, редовност и поведение учествуваат сите субјекти кои се вклучени во образовниот процес во училиштето. Првичната слика за учениците ја имаат класните раководители, училишниот педагог, социолог кои понатаму тековно го следат секое нивно одење напред во стекнувањето на нови знаења. Нивниот правилен напредок доведува до изградување на сестрано образовани личности. Класните раководители на крајот на секој класификационен период

Куќен ред ***Анкетни листови*** ***Извештај од извршената анкета*** ***Статистички податоци за учениците*** ***Главна книга***		поднесуваат извештај за успехот на секој ученик, целиот клас и успех на учениците по предмети, слаби оценки по ученици и слаби оценки по предмети. Учениците кои постигнуваат забележителни резултати и освојуваат награди на државни натпревари се наградуваат со диплома и пригодна награда од училиштето. Во текот на овој процес од големо значење е и редовноста на учениците во извршувањето на секојдневните задачи како и нивното примерно поведение. Имено во учебната 2013-2014 година вкупниот број на изостаноци е 38209 за вкупно 852 ученици, од кои 735 ученици се со примерно поведение, 89 ученици со добро и 28 ученици со незадоволително поведение. А во учебната 2014/2015 година бројот на изостаноците но и на учениците е зголемен, вкупниот број на изостаноци е 44367 за вкупно 897 ученици, од кои 739 имма примерно поведение, 118 ученици се со добро и 40 ученици имале незадоволително поведение. Со цел да се откријат причините за нередовноста на учениците и да се превземат мерки за подобрување на редовноста на учениците, училишниот социолог изврши социолошко истражување на учениците и родителите преку анкета и извештај за резултатите од анкетата. **(Прилог: Анкета за редовноста спроведена кај ученици и родители)** Евиденцијата која редовно се води во училиштето и која се однесува на учениците поточно на нивниот напредок, развој и поведение им е достапна во секое време на сите субјекти кои учествуваат во образовниот процес (

		наставници, родители и ученици) што придинесува за поуспешно изведување на образовниот процес. Евиденцијата може да ја има на увид и секој наставник од училиштето заради добивање на појасна слика за секој ученик, што во голема мера го помага образовниот процес. Покрај наставниците и родителите оваа евиденција е достапна и за самите ученици која можат да ја добијат преку соработка со класните раководители и предметните наставници. До училиштето во кое ученикот преминува или од кое доаѓа се доставува преведница со успехот и поведението од тековната година. Најчести случаи на преминувања на ученици во некое друго училиште или доаѓање на ученици во нашето училиште е поради желбата на ученикот да го промени видот на средно образование, успехот на ученикот, преселба или промена на работното место на родителите (посебно се мисли за преселба од еден во друг град) и сл. По потреба не е исклучена и можноста за лична комуникација меѓу стручните служби на двете училишта. Доколку од училиштето се бара мислење и препорака за ученик за конкурси, стипендии, уписи во високо образовни институции во земјата или во странство истото се доставува. Во училиште не постои ученик за кој немаме никакви податоци, ниту пак до сега сме се сретнале со случај на прием на некој нов ученик за кој не постојат информации за неговите основни податоци.

Подрачје 4: Поддршка на учениците

Собирање на податоци (кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)		
Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци	***Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации***	***Кои информации се собрани?***
Визуелни докази ***Анкетни листови за ученици*** ***Анкетни листови за родители***	***Емона Јованоска, наставник*** ***Елена Стојаноска, наставник*** ***Мартин Наумоски, наставник*** ***Директорот на училиштето – Кире Николоски***	Собрани се информации за причините за нередовноста на учениците од страна на училишниот социолог преку социолошкото истражување на учениците и родителите со анкета и извештај за резултатите од анкетата. **(Прилог: Анкета за редовноста спроведена кај ученици и родители)**

Подрачје4: Поддршка на учениците

Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости

Клучни јаки страни:

- Училиштето има политика за забрана на пушење,консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства и училиштето соработува со локалните субјекти во наоѓае начин за спречување на користење на алкохол и наркотици.
- Училиштето организира хуманитарни акции спроведени од ученици и самоиницијативно им помага на децатаод социјално загрозени семејства
- Училиштето ги следи емотивните, социјалните и физичките потреби на своите ученици.
- Соработува со родителите (од нив добива информации и дава повратни информации за социјалниот, афективно-емоционалниот, физичкиот и психомоторниот и интелектуалниот развој на ученикот).
- Соработува со други служби и институции од локалната заедница (Служба за ментално здравје на деца и млади, Центар за социјална работа и др.).
- Следење на напредокот (евиденција за постигањата на учениците по пол, етничка припадност, редовност и поведение).
- Педагошката служба е секогаш достапна и отворена за соработка со учениците, родителите и наставниците.
- Добри хигиенски услови во училиштето.
- Изградена политика на училиштето за превенција и справување со насилство и намалување на насилството во училиштето.
- Учениците учествуваат на натпревари (општински, регионални републички и меѓународни олимпијади) каде што постигнуваат високи резултати.
- Успешна соработка и целосна подршка на учениците од страна на директорот, педагогот, социологот и наставниот кадар во изведувањето на наставата.
- Успешна соработка со родителите.
- Целосен увид во евиденцијата за напредокот, редовноста и поведението на учениците.
- Со Центарот за кариера им се овозможува на учениците да се стекнат со соодветни вештини кои ќе им овозможат да учествуваат во современата економија.

Слабости:

- Недоволна соработка со дел од родителите (затвореност за потешкотиите и проблемите).
- Недостаток на простории за истражувачки активност за поквалитетно реализирање на наставните и воннаставните активности на учениците

Подрачје4: Поддршка на учениците

Анализа на резултатите:

Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје

Соработката помеѓу педагогот, социологот, наставниот кадар, раководниот орган, родителите и другите субјекти инволвирани во образовниот процес, им овозможува голема и безрезервна поддршка на учениците во извршувањето на нивните образовни задачи. Нашето училиште води грижа за сите ученици независно од полот и возраста.Им се излегува во пресрет и се поддржуваат сите ученици кои имаат потреба од стручна помош како и ученици кои имаат пречки во физичкиот развој. Помошта им се нуди и во однос на запознавање на училиштата во кои можат да го продолжат школувањето. Напредокот на учениците се следи постојано и за нивниот напредок родителите добиваат навремена информација. Увид во евиденцијата за напредокот на учениците имаат сите инволвирани во тековниот образовен процес како што се родителите, учениците и наставниците. Податоците кои постојат во училиштето за секој ученик посебно во голема мера го помага вклучувањето на учениците во образовниот процес.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Споредбени анализи за успехот и редовноста на различни генерации ученици.
- Анкети за собирање на податоци од учениците и родителите во врска со поддршката на учениците.
- Современо опремување на кабинетите.

Прилог : Анкета за редовноста спроведена кај ученици и родители

АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА УЧЕНИЦИ – извршена анкета на 30 ученици

1. Дали според тебе често отсуствуваш од часовите?
   а) да б) не

2. Твоето отсуство најчесто е :
   а) цел ден б) на неколку часа в) еден час

3. Причината за отсуството од часови најчесто е:
   а) кога си болен б) кога се испитува в) кога не ти се доаѓа и ти е здодевно г) кога се подготвуваш за испитување

4. Колку професорите со своето однесување влијаат врз отсуствувањето?
   а) многу често б) понекогаш в) не влијаат

5. Кај кои професори најчесто се отсуствува?
   а) кај строгите б) кај попустливите в) кај незаинтересираните

6. Најчесто отсуствуваш од часови кога се:
   а) предава б) испитува

7. Колку родителите знаат за твоите отсуствувања ?

а) секогаш знаат б) понекогаш знаат в) не знаат

8. Како влијае отсуството врз твојот успех ?

а) негативно б) не размислувам за тоа в) не влијае

АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА РОДИТЕЛИ извршена анкета на 30 родители

1. Дали го знаете вкупниот број на изостаноци на Вашето дете ?

а) да б) не

2. Дали го знаете вкупниот број на неоправдани изостаноци на Вашето дете?

а) да б) не

3. Дали го знаете вкупниот број на оправдани изостаноци на Вашето дете?

а) да б) не

4. На кој начин сте информирани за изостаноците на Вашето дете ?

а) од моето дете б) од класниот раководител в) од стручната служба (педагог, социолог)

г) сам/а лично дојдов во училиште да се информирам (по моја иницијатива)

5. Дали Вашето дете ви кажува каде било кога отсуствувало од настава ?

а) да б) не

6. Дали го оправдувате Вашето дете и кога неоправдано отсуствува од часови ?

а) многу често б) понекогаш в) никогаш

7. Според Вас кои се причинита за отсуствување на учениците од наставата ?

а) болест б) досада в) мрзеливост г) револт д) професорите ѓ) страв од испрашување

Извештај од спроведена анкета за редовноста кај ученици : (спроведена е врз анкетирани 30 ученици)

1. **1.Дали според тебе често отсуствуваш од часови??**

а) ДА	**4**
б) НЕ	**26**

2. **Твоето отсуство најчесто е :**

а) ЦЕЛ ДЕН	**17**
б) НА НЕКОЛКУ ЧАСА	**3**
в) ЕДЕН ЧАС	**10**

3. Причината за отсуство од часови најчесто е:

а) КОГА СИ БОЛЕН	**15**
б) КОГА СЕ ИСПИТУВА	**9**
в) КОГА НЕ ТИ СЕ ДОАЃА И ТИ Е ЗДОДЕВНО	**1**
г) КОГА СЕ ПОДГОТВУВАШ ЗА ИСПИТУВАЊЕ	**5**

4. Колку професорите со своето однесување влијаат врз отсуствата:

а) МНОГУ ЧЕСТО	**7**
б) ПОНЕКОГАШ	**16**
в) НЕ ВЛИЈААТ	**7**

5. Кај кои професори најчесто се отсуствува:

а) КАЈ СТРОГИТЕ	**3**
б) КАЈ ПОПУСТЛИВИТЕ	**7**
в) КАЈ НЕЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ	**20**

6. Најчесто отсуствуваш од часови кога се :

а) ПРЕДАВА	**3**
б) ИСПИТУВА	**27**

7. Колку родителите знаат за твоите отсуствувања ?

а) СЕКОГАШ ЗНААТ	**5**
б) ПОНЕКОГАШ ЗНААТ	**21**
в) НЕ ЗНААТ	**4**

8. Како влијае отсуството врз твојот успех?

а) НЕГАТИВНО	**5**
б) НЕ РАЗМИСЛУВАМ ЗА ТОА	**19**
в) НЕ ВЛИЈАЕ	**6**

Извештај од спроведена анкета за родители : (спроведена е врз анкетирани 30 родители)

1. **Дали го знаете вкупниот број на изостаноци на Вашето дете?**

а) ДА	**19**
б) НЕ	**11**

2. **Дали го знаете вкупниот број на неоправдани изостаноци на Вашето дете?**

а) ДА	**14**
б) НЕ	**16**

3. **Дали го знаете точниот број на оправдани изостаноци на Вашето дете?**

а) ДА	**20**
б) НЕ	**10**

4. **На кој начин сте информирани за изостаноците на Вашето дете?**

а) ОД МОЕТО ДЕТЕ	**12**
б) ОД КЛАСНИОТ РАКОВОДИТЕЛ	**11**
в) ОД СТРУЧНАТА СЛУЖБА	**2**
г) САМ/А ДОЈДОВ ВО УЧИЛИШТЕ ДА СЕ ИНФОРМИРАМ	**5**

5. Дали Вашето дете ви кажува каде било кога отсуствувало од настава?

а) ДА	**18**
б) НЕ	**12**

6. Дали го оправдувате Вашето дете и кога неоправдано отсуствува од часови?

а) МНОГУ ЧЕСТО	**4**
б) ПОНЕКОГАШ	**21**
в) НИКОГАШ	**5**

7. Според Вас кои се причините за отсуство на учениците од наставата?

а) БОЛЕСТ	**16**
б) ДОСАДА	**0**
в) МРЗЕЛИВОСТ	**3**
г) РЕВОЛТ	**1**
д) ПРОФЕСОРИТЕ	**3**
ѓ) СТРАВ ОД ИСПРАШУВАЊЕ	**7**

7. *Подрачје 5: Етос*

Оддели во рамките на подрачјето:

5.1 Училишна клима и односи во училиштето

- Во училиштето владее позитивна клима како резултат на континуираната соработка помеѓу наставниците, наставниците и учениците, родителите со наставниците и раководниот кадар, поттикнувањето на другарството и соживотот помеѓу учениците.
- Училиштето има Кодекс на однесување за учениците и наставниците и со него се запознаени сите структури во училиштето.
- Изготвен е Правилник за изрекување педагошки мерки.
- Училиштето поседува Статут кој се применува соодветно.
- Училишната заедница партиципира во донесувањето одлуки и решавање проблеми во текот на наставниот процес.

5.2 Промовирања на постигањата

- во медуми
- социјални мрежи

5.3 Еднаквост и правичност

- Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.
- Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност.
- Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите).
- Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.

- Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата.
- Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. Македонија, без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

5.4 Соработка со родителите и со локалната заедница

- Училиштето остварува соработка со Советот на родители континуирано во текот на целиот период.
- Родителите се директно запознати и вклучени во сите активности на училиштето.
- Советот на родители разгледува прашања од работата на училиштето, го разгледува успехот, редовноста, соработува со директорот, наставниците,педагогот и психологот, учествува во организација на екскурзиите и донесува одлуки.
- Соработката со локалната заедница се остварува во континуитет преку спроведување заеднички проекти, различни културни манифестации, хуманитарни акции и сл.

Подрачје 5: Етос

Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени: Обработка на документи)		
Наведете ги сите документи кои се прегледани.		***Кои информации се собрани?***
Дневници на пралелките; ***Записници од социолошката служба;*** ***Записници од стручните активи;*** ***Записници од Наставничкиот совет;*** ***Ученичко досие;*** ***Персонално и педагошко досие на наставниците;*** ***Годишен извештај;*** ***План и програма за работа на класен час;*** ***Записници од работа на Младинската училишна заедница;***	***7.5.1*** ***Училишна клима и односи во училиштето***	Во училиштето взаемното почитување и соработка меѓу наставниците е солидно. Ова може да се види од нивната зедничка извршена работа (годишни и тематски планирања, заеднички изготвени тестови, заедничко планирање на научни екскурзии, приредби, концерти, натпревари - државни и меѓународни, договор за избор на учебници по кои ќе се реализираат наставните планови и програми). Взаемното почитување помеѓу наставниците и учениците е на задоволително ниво, и досега не се забележани некои поголеми проблеми. Со дисциплината во училиштето нема големи проблеми кои би го нарушиле наставниот процес во самото училиште. Ако дојде до мали недоразбирања помеѓу учениците истите се решаваат преку разговори класен раководител – ученик, а потоа класен раководител – ученик – родител. Зависно од проблемот ако има потреба од стручни лица како што е педагогот и социологот, а по потреба и директорот се вклучуваат во решавањето на проблемот. После сите овие разговори доаѓаме до заедничко решение. Полот и етничката припадност немаат влијание врз дисциплината на учениците. Тоа е резулатат на тоа што имаме еднаков пристап кон сите ученици, без разлика на нивниот пол или етничката припадност.

Куќен ред на училиштето; **Решение за формирање на Комисија за медиумска презентација**		
http://www.gimprilep.edu.mk/arhiva2013.html ***http://www.gimprilep.edu.mk/procka/procka2013.html*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/kariern/karieren.html*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/kikinda/kikinda.html*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/eko/ekologija.html*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/makinova/makinova_2013***	***7.5.2 Промовирање на постигањата***	За учеството на учениците и нивните постигнати резулати на натпреварите, се информира на Наставнички совет, на Советот на родители, се објавува на web страната од училиштето. Често пати и преку медиумите јавноста се информира за постигањата на учениците од гимназијата. За пехарите, плакетите, дипломите, пофалниците, признанијата, фотографиите во училиштето постојат посебно уредени катчиња. Нашите ученици постојано се присутни во медиумите со најразличните активности кои ги преземаат, со учеството на натпреварите и освојувањето на наградите. Постигањата на нашите ученици се промовираат покрај на Училишната веб страна: http://www.gimprilep.edu.mk и на Facebook страната на нашето училиште:http://www.facebook.com/pages/СОУ-Гимназија-Мирче-Ацев-Прилеп/118944661529258/ неделниот локален весник „Зенит" и локалната телевизија „Канал Визија". Секоја година нашите ученици се претставуваат со своите постигања пред пошироката јавност, на свечената академија по повод патрониот празник. Во 2013 и 2014 година, на овој настан на учениците кои освоија некое од првите

.html ***http://www.gimprilep.edu.mk/eko/ekologija.html*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/svejk/*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/tretonoemvriska/index.html*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/eko/ekologija.html*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/patronat2013-14/odbojka.html*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/inicijativi/humanost.html*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/patron***		три места на државните или меѓународните натпревари им беа доделени пофалници. За учениците со талент за рецитирање, во просториите на Домот на културата „Марко Цепенков" и во Градската библиотека „Борка Талески" во 2013 и 2014 година се организираше поетска вечер. Со решение на Наставничкиот совет, од 2012 година се востанови практика да се избира првенец на генерацијата кому ќе му биде доделена пригодна награда. Следствено на тоа во 2013 и 2014 година на матурската вечер прогласени беа првенците на генерацијата и наградени со симболична парична награда. За талентираните ученици кои имаат желба да се натпреваруваат во пеење, во 2013 и 2014 година се продолжи со одржувањето на фестивалот „Гимфест". Фестивалот разбуди голем интерес кај гледачите во салата, и целата прилепска и поширока јавност. Поради големиот интерес Фестивалот беше неколкупати емитуван во целост на локалната телевизија „Канал Визија". Победниците и дел од учесниците на фестивалот со своите настапи се поставени и на интернет на YouTube, со што се промовираат пред пошироката јавност. (прилог DVD 1 и 2) Во текот на секоја учебна година во просториите на Домот на културата „Марко Цепенков" и во просториите на Градската библиотека, од страна на нашите ученици се организираат ликовни изложби. Исто така ликовни изложби се организираат и во просториите на училиштето.

at2013-14/patronat-2014.html ***http://www.gimprilep.edu.mk/poetska-vecer-vino-i-ljubov/*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/tribina-majcin-jazik/*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/nanomaterijali-bitola-2014/*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/frankofonija-2014/*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/gimfest-2014/*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/nastani***		По повод традиционалниот празник „Прочка" нашите ученици под водство на предметните професори по ликовна уметност настапуваат на оваа манифестација каде често и освојуваат награди. За овој настан има одделено посебен простор на училишната веб страна, на фејсбук профилот на училиштето како и на YouTube. За промовирање на постигнувањата на учениците како и за промовирање на училиштето воопшто од страна на Училишниот одбор формирана е Комисија за медиумска презентација, составена од 5 професори и Директорот на училиштето, која севкупно ги следи активностите на учениците и случувањата во училиштето и ги презентира пред поширокаата јавност.
	7.5.3 ***Еднаквост и правичност***	Без разлика дали учениците се од различен пол или се од различно етничко потекло, досега не се појавени непочитување помеѓу нив. Училиштето преку план и програма за работа на класните часови, преку функционирање на класните заедници и Младинската училишна заедница, помага во изградувањето на коректен однос на наставникот кон сите ученици и меѓу сите ученици од целото училиште. Училиштето следи сите ученици да добијат подеднаков третман преку грижа за обезбедување на бесплатни учебници за сите ученици од страна на МОН и подеднаков пристап за користење на компјутерите преку реализација на проектот „Компјутер за секое дете" од страна на МОН и МИО. Во училиштето нема ученици со посебни потреби.

/simulacija-evroparlament.html#1 ***http://www.gimprilep.edu.mk/nastani/intervju-so-prof-blaze-dimeski.html*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/nastani/intervju-so-verica.html*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/nastani/oratorska-vecer.html*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/nastani/akademija-90-godini-dejnost-na-institutot-za-tutun-vo-prilep.html*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/nastani***		

/povekenamensko-igraliste.html ***http://www.gimprilep.edu.mk/nastani/intervju-so-nadica-buneska.html*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/nastani/poetska-vecer-makedonija.html*** ***http://www.gimprilep.edu.mk/nastani/humana-akcija.html***		
Записници од Советот на родители; ***Записници од стручната служба;*** ***Дневници на паралелката;***	***7.5.4*** ***Соработка со родителите и локалната заедница***	Училиштето со родителските средби, индивидуалните разговори и консултации со родителите и со Советот на родители, настојува колку што е можно повеќе да ги поттикни и да ги вклучи родителите во образованието на своите деца и во животот на училиштето. Училиште има добра соработка со сите субјекти од поголемо значење се со

Презентации на високо образовните институции (флаери, брошури, апликации, програми и сл.) ***web страна на училиштето;***		цел да се има јасна слика за климата и условите за работата на училиштето. Оваа соработка се постигнува преку: - медиумите - промовирање на постигањата на учениците и информирање за сите активности во училиштето; - локалната самоуправа - преку финансиска и друга поддршка; - локалната заедница и други субјекти од општествениот живот. Училиштето постојано соработува со другите училишта од општината и пошироко, а посебно со високо образовните институции од државата и надвор од државата (приватни и државни факултети) со цел да им се даде можност на учениците да се развиваат во оној правец во кој ги покажуваат и изразуваат своите желби, интереси и способности, како и да се информираат и подготват за соодветни студии.

Подрачје 5: Етос

Резултати:

Клучни јаки страни:

- Соработка со родителите
- Постигнување на извондредни резултати на сите активи во разни државни,регионални и светски натпревари
- Еднаквоста и правична полова и етничка застапеност на учениците во училиштето
- Грижа за ученици од послабо ситуирани семејства
- Добра соработка со Локалната самоуправа, медиумите и др.
- Добро функционирање на Младинска училишна заедница
- Високо стручен и професионален кадар
- Соработка меѓу колегите
- Безбедни услови за работа
- Учество во хуманитарни акции
- Учество во разни натпревари организирани од Црвениот Крст и противпожарна заштита и освојување на награди
- Соработка со стручната служба
- Соработка со Локалната заедница
- Соработка со Стопански сектор
- Редовно информирање на учениците и родителите по електронски, присмен и устен пат
- Почитување на правата на децата
- Почитување на сопствената култура и традиција и почитување на разликите од другите
- Континуирано следење на личните постигања на учениците и на училиштето
- Мотивирање на учениците

Слабости:

- Недоволно изградени критериуми за наградување на наставниците;
- Делумна покриеност на училниците со компјутери
- Недоволна ангажираност на техничкиот персонал за подобрување на хигиената во училиштето
- Потребна е обука на наставниците за работа со ученици со посебни потреби
- Недоволен пристап за лица со попреченост во развојот

Подрачје 5: Етос

Анализа на резултатите:

Во училиштето Директорот, педагогот и социологот заедно со наставниот кадар, успешно се справуваат со проблемите на учениците. Тие имаат безпрекорна координација со родителите во решавањето на проблемите. Успешна соработка постои и со другите субјекти кои се од поголемо значење за училиштето се со цел да се добие јасна слика за условите за работа во училиштето. Личните постигања на учениците се наградувани на соодветен начин - Правилник за наградување на учениците. Еднаквоста и правичната застапеност на учениците независно од полот и националноста припадност се овозможува уште при запишувањето на учениците во прва година. Училиштето се труди да овозможи еднаков третман кон сите ученици независно од нивната социјална состојба и води грижа за навремено снабдување на учениците со бесплатни учебници.

Во согласност со законската регулатива, училиштето се грижи секој ученик кој ги исполнува условите да добива бесплатен превоз до училиштето.

Соработката на училиштето со родителите се постигнува најмногу преку Советот на родители и родителските средби. Училиштето има успешна соработка со локалната самоуправа, медиумите и локалната заедница и тоа со учество на ученици на разни трибини и манифестации, помош од нивна страна за учество на натпревари во државата и надвор од неа и други соработки.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Прибирање на податоци преку анкети со ученици, родители и наставници за меѓусебните односи на ученик-ученик, родител-дете, ученик-наставник и наставник-наставник
- Набавка на наставни средства и помагала. Целосна покриеност на училиштето со компјутери. Воспоставување на хармонична средина во која може непречено да се организира воспитно – образовниот процес и да се постигнуваат предвидените цели и резултати.

- Зголемување и подигнување на поголемо ниво на безбедноста на учениците и наставниците во училиштето.
- Употреба и користење на е-днивникот од страна на родителите за почеста и поголема контрола на нивните деца т.е наши ученици и нивна уште поголема вклученост и анимирање со сите новости во целокупниот воспитно – образовен процес.
- Препознавање на потребите на учениците со посебни образовни потреби (воедно развивање на стратегија и истакнување на потенцијалите на талентираните ученици).
- Поголема вклученост на родителите во животот и работата на училиштето
- Поголема соработка со стопанските организации и пазарот на работна сила (промоција на училиштето).

8. *Подрачје 6: Ресурси*

Оддели во рамките на подрачјето:

6.1 Сместување и просторни капацитети

- Денес нашата гимназијата располага со 18 училници и опремени кабинети (хемија, англиски, француски и италијански јазик, биологија, физика, музичка уметност и спортска и фитнес сала) во кои настава изведуваат околу 1000 ученици.

6.2 Наставни средства и материјали

- ИКТ како наставно средство е најзастапено во училиштето и согласно тоа потребите од наставни средства се на задоволително ниво.
- Аудио-визуелна опрема за потребите на современите наставни текови.
- Училиштето врши континуирано обновување со што е во содејство со современите наставни текови.
- Училиштето ги утврдува потребите за наставни помагала и истите се составен дел од наставната програма.
- Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вон наставните активности согласно училишниот план.

6.3 Персонал

- Во училиштето постои стручна служба

6.4 Развој на персоналот

- Училиштето нема изготвено програма и стратегија за професионален развој на наставниците.

6.5 Финансиско работење во училиштето

- Училиштето има изготвено финансиски план за јавни набавки.
- Буџетот се користи наменски и за креативни цели, односно за подобрување на квалитетот на настава

Подрачје 6: Ресурси

Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). ***(i) Обработка на документи***		
Наведете ги сите документи кои се прегледани.		***Кои информации се собрани?***
Финансиски извештаи ***Годишна програма*** ***Пописни листи*** ***Записници од Училишниот одбор***	***8.6.1 Сместување и просторни капацитети***	Во училиштето во предходните две учебни години се превземени активности со цел подбрување на условите за работа. Направена е комплетна промена на електричната инсталација во котларата. Изградени се летниковци на парковската површина за потребите на учениците и вработените и можност за изведување на настава. Реконструкција на парковските површини. Извршен е попис на средствата и нивните извори и се расходовсни неупотребливите средства. Опремен и уреден кабинет за безбедни училишта и медијација во соработка со ОБСЕ. Набавена софтверска и хардверска опрема за опремување на 12 (дванаесет) училници, за успешно одвивање на екстерното тестирање.

Годишна програма ***Пописна листа*** ***Листи на барања од активите*** ***Фактури од набавка на потрошен материјал*** ***Финансиски извештаи***	***8.6.2 Наставни средства и материјали***	Училиштето располага доволно со стручна литература, но не располага доволно со наставни средства и помагала за наставниците и стручната служба. Во состав на училиштето работи и училишната библиотека со читална, која располага со доволен број на лектирни изданија како и стручна литература со фонд од 17 259 изданија, со што претставува една од најдобрите библиотеки во градот. Набавениот потрошен материјал ги задоволува основни потреби на училиштето (маркери, хартија, креди и сл.). Училиштето потребите за наставни средства и материјали ги утврдува преку барањата на стручните активи до директорот и Наставничкиот совет. Ефикасната употреба на наставните средства и помагала ја контролира стручен тим составен од директорот и одредени професори и одговорниот (ангажиран од МИО) за одржување на компјутерите во училиштето. Обезбедени се нагледни средства за наставниот предмет историја – две карти Обезбедени се нагледни средства за наставниот предмет географија-две карти
Записници од Наставнички совет ***Годишна програма*** ***Законот за работни односи*** ***Досие на вработени***	***8.6.3 Персонал***	Персоналот во училиштето без разлика на полот редовно е присутен на работното место. За следење на присутноста се грижи директорот, со лични укажувања, укажувања на наставнички совет, а за санкционирање се постапува според Законот за работни односи. Постојат и повремени отсуства за кои се известува директорот. Наставниот кадар 100% е со високо образование. Што се однесува до половата припадност процентуално прикажано 60% отпаѓа на женската популација, а 40 % на машката популација, во однос на национаниот состав сите се Македонци, освен еден професор кој е со српска националност.

Записници од директорот за следење на часови ***Програма за работа на менторите*** ***Материјали за одржани обуки и семинари*** ***Записник од Наставнички совет***	***8.6.4 Развој на персоналот***	Работата на наставниците се следи од страна на стручен тим составен од директорот, педагогот и социологот преку посети на часови и индивидуални разговори. Училиштето во соработка со Министрството за образование и наука и Бирото за развој на образование го вклучува наставниот кадар во сите постоечки семинари и обуки организирани од истите се со цел подобрување и усовршување на стручните способности за подобрување на квалитетот на наставата. Сите овие семинари, обуки за наставниците во последните неколку години се во пораст. Во училиштето со цел за унапредување на оценувањето на ученците во наставата се одржа обука со дел од наставниците на тема ***„Примена на стандардите за оценување на учениците"*** во организација на БРО, МЦГО и USAID. Училиштето на наставнички совет за ново приманите вработени без работно искуство (приправници) обезбедува ментор од сродните предмети за помош и подршка за успешно воведување во работата и реализирање на работните задачи. Менторот во текот на приправничката година ја следи и набљудува работата, а воедно му помага во подготовката за полагање на стручниот испит.
Финансиски извештаи ***Записници од УО*** ***Завршни сметки*** ***Квартални извештаи*** ***Платни списоци***	***8.6.5 Финансиско работење во училиштето***	Постапки за финансиското работење да биде добро спроведено и контролирано, потребните средства се планираат на годишно ниво како по приходи така и се предвидува нивната реализација по пооделни трошоци. Плановите се изготвуваат месечно и квартално за една календарска година и се доставуваат на усвојување на Училишен одбор. Истите се доставуваат до Министрството за образование и наука и до Локалната заедница. За целокупниот училишен буџет и трошоци е информиран пред се директорот на училиштето, книговодителот, благајникот, УО, Советот на Општина Прилеп, Трезор,

Записник од Наставнички совет		Министерство за финансии и други органи. До информациите за буџетот на училиштето имаат пристап сите оние кои имаат надлежност да вршат увид во работењето на училиштето или допринесуваат со нивните одлуки на правилен начин да се користат средствата одобрени од планот. Во состав на СОУ Гимназија „Мирче Ацев" Прилеп нема подрачни училишта.

Собирање на податоци кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)		
Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци	***Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации***	***Кои информации се собрани?***
Анкетен лист за наставници	***Комисија за ресурси*** ***Наставници од гимназијата***	Од извршената анкета на наставниците во гимназијата утврдено е следново: -Наставниците сметаат дека најмногу им е потребна обука за примена на современи методи за објективно оценување, обука за изработка на проекти и обука за примена на информатичка технологија. -Наставниците сметаат дека недостасува LCD-проектор, книги, енциклопедии, видео материјали и др. во електронски формат и печатач. -Наставниците сметаат дека како недостаток е недоволната опременост на кабинетите и застарените врати и прозорци. -Наставниите сметаат дека некомплетно се опремени соблекувалните од фискултурната сала и дека е потребна реконструкција на покривот од фискултурната сала, како и реконструкција на надворешниот изглед(фасада) на училиштето. **(Прилог 1 Анкета на наставници)**

Подрачје 6: Ресурси

Прилог 1

Анкета за наставници

1. Каков вид на дополнителна обука сметате дека најмногу им е потребна на наставниците? (можат да се заокружат и повеќе одговори)
а) Примена на информатичката технологија во наставата;
б) Обука за примена на други современи технички средства во наставата (LCD проектор, DVD player и сл.);
в) Обука за примена на современи методи за објективно оценување;
г) Обука на наставниците за изработка на проекти;
д) Обука за водење на педагошка евиденција и документација со помош на компјутер;
ѓ) Обука за подобрување на комуникациските вештини;
е) друго _____

2. Што сметате дека недостасува од современите технички помагала? (можат да се заокружат и повеќе одговори)
а) LCD проектор
б) DVD player
в) Печатачи
г) Книги, енциклопедии, видео материјали и др. во електронски формат
д) Компјутерска педагошка евиденција и документација (оценки, изостаноци) достапна преку Интернет
ѓ) друго _____

3. Какви недостатоци има во училишната инфраструктура (можат да се заокружат и повеќе одговори)
а) Недоволна опременост на кабинетите
б) Застарени врати и прозорци
в) Застарена инсталација на парното греење
г) Застарена канализација
д) Недоволна опременост на помошната сала за спортски активности
ѓ) друго _____

Извештај за извршената анкета на наставници во областа – ресурси

Во оваа анкета беа анкетирани 28 наставници.Резулатите од анкетата се наведени во следната табела :

1.Каков вид на дополнителна обука сметатае дека најмногу им е потребнана наставниците ?(можат да се заокружат повеќе одговори)	Потврдни одговори	% на потврдни одговори
а)Примена на информатичка технологија во наставата	12	42,8 %
б)Обука за примена на други современи технички средства во наставата(LCD проектор,DVD player исл)	7	25 %
в)Обука за примена на современи методи за објективно оценување	12	42,8 %
г)Обука на наставници за изработка на проекти	8	28,6 %
д)Обука за водење на педагошка евиденција и документација со помош на компјутер	3	10,7 %
ѓ)Обука за подобрување на комуникациските вештини	7	25 %
е)Друго	/	/
2.Што сметата дека недостасува од современите технички помагала? (можат да се заокружат и повеќе одговори)	Потврдни одговори	% на потврдни одговори

а) LCD проектор	18	64,3 %
б) DVD player	6	21,5 %
в) Печатачи	14	50 %
г) Книги,енциклопедии,видео материјали и др. Во електронски формат	18	64,3 %
д)Компјутерска педагошка евиденција и документација(оценки,изостаноци) достапна преку Интернет	/	/
ѓ)Друго	/	/
3.Какви недостатоци има во училишната инфраструктура? (можат да се заокружат и повеќе одговори)	Потврдни одговори	% на потврдни одговори
а)Недоволна опременост на кабинетите	24	85,7 %
б) Застарени врати и прозорци	13	46,4 %
в)Застарена инсталација на парно греење	10	35,7 %

г)Застарена канализација	10	35,7%
д)Недоволна опременост на помошната сала за спортски активности	4	14,3 %
ѓ)Друго	1	3,6 %

Подрачје 6: Ресурси

Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости

Клучни јаки страни:

- Задоволителна присутност на наставниот кадар и другиот персонал – причина за поквалитетно образование и воспитание;
- Сите наставници се со високо образование;
- Вклученост на наставниот кадар во посета на најразлични семинари и обуки;
- постоење пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и за организирање воннаставни активности за учениците
- изградена е мултинаменско спортско игралиште кое ги задоволува материјално-техничките и дидактички услови за реализација на наставата по спорт и спортски активности
- максимална искористеност на расположивите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности (адаптација на една просторија во приземјето на училиштето во центар за медијација)
- ефективно и ефикасно користење на расположливите наставни средства и помагала, како и ИКТ опремата во наставата и учењето
- планирање и навремено обезбедување потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности
- училиштето има обезбедено доволен број на наставници за непречено реализирање на воспитно-образовниот процес
- наставниците ефективно придонесуваат во работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи
- постојана подршка и отвореност за соработка на стручната служба со наставниот кадар, учениците и родителите
- поседување на низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки и семинари на наставниот кадар
- обезбедување на професионален развој на наставниот кадар и оддавање на признанија
- рационално и наменско користење на финансиските средства во училиштето и во согласност со законските норми
- добра информираност на вработените и транспарентност на училиштето во врска со планирањето и трошењето на училишниот буџет

Слабости:

- Недоволен број на училници;
- Недостаток на нагледни средства и помагала;
- Некомплетна реконструкција на дограмата во училишната зграда;
- Некомплетно опремени соблекувалните од фискултурната сала;
- Потребна реконструкција на покривот на фискултурната сала;
- амортизирани подови во дел од училниците
- амортизирани санитарни јазли за учениците
- недоволна опременост со стручна литература, наставни срества и помагала
- недостиг од компјутери и пристап до интернет во училниците
- неупотребливост на извесен број на компјутери во училниците поради нивна оштетеност

Анализа на резултатите:

Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје

Санитарните јазли на приземје се дотраени и не ги задоволуваат поставените критериуми. Во училиштето постојат и успешно работат стручни активи кои редовно и целосно си ги извршуваат своите задачи.

Наставниот кадар во училиштето е со високо образование, дел од настравниците се магистри и доктори на науки, а дел се на постдипломски студии. За квалитетот во работата на наставниот кадар редовно се посетуваат семинари и обуки кои се организирани од Бирото за развој и МОН. Работата на наставниот кадар редовно е следена од страна на директорот и стручната служба, а воедно на нововработените наставници на наставнички совет им се доделува ментор кој го подготвува приправникот за натамошната работа.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Набавка на нагледни средства и помагала.
- Реконструкција на надворешен изглед (фасада) на училиштето.

9. *Подрачје 7: Раководство, креирање политика*

Оддели во рамките на подрачјето:

7.1 Раководење и управување со училиштето

- Училишниот одбор е конституиран согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето.
- Состаноците се одржуваат со мнозинство членови, има потребен кворум.
- Преку Наставничките совети сите наставници се информирани за одлуките на Училишниот одбор кои се однесуваат на воспитно-образовниот процес.
- Училишниот одбор и раководниот орган имаат воспоставено партнерски однос што се констатира од прашалникот за членовите на УО.
- Надлежностите за управување и административните обврски се јасно дефинирани.
- Раководниот орган се залага за модерна дидактика, фокусирана подеднакво на изучување на природно - математичката група предмети, општествените предмети, јазиците и предметите кои се во функција на средното гимназиско образование.
- Кај вработените развива доверба и ги мотивира за тимска работа, секогаш обезбедува комуникација која се темели на меѓусебна соработка и почитување, соработува со другите училишта, организации и локалната самоуправа

7.2 Цели и креирање на училишната политика

- Општа цел на училиштето е да го оспособи ученикот да го примени стекнатото и тековното знаење во разни области од човековото живеење,што е воедно во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.
- приоритетно беше воспитување и образување на учениците преку подигнување на еколошката свест, зголемување на одговорноста на учениците, намалување на отсуствата од часови и подигнување на квалитетот на наставата со примена на интерактивна настава и примена на ИКТ во реализацијата на наставните содржини.
- Учениците преку низа активности а пред се со подобрување на успехот и редовноста активно учествуваат во реализирањето на целите и успешноста на училиштето.
- Сите вработени активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на поставените цели.

7.3 Развојно планирање

- Одговорен за годишното планирање е директорот и училишниот одбор
- Годишното планирање ги опфаќа сите податоци кои се потребни реално да ја прикажат сликата за училиштето.
- При планирањето се имаат во предвид просторните капацитети, бројот на учениците, паралелките, наставниот кадар, распределбата на часови, нагледните средства и материјали.

Подрачје 7: Раководство, креирање политика

Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). Обработка на документи		
Наведете ги сите документи кои се прегледани.		***Кои информации се собрани?***
Статут на Училиштето ***Годишната програма за работа*** ***Правилник за организација и систематизација на работните места во СОУ Гимназија „Мирче Ацев" - Прилеп*** ***Правилник за организација на процесот на работа*** ***Програмата за работа на директорот*** ***Програма за работа на Советот на родители*** ***Записници од:*** - ***Училишен одбор*** - ***Совет на родители*** - ***Наставничкиот совет*** - ***Младинската училишна заедница***	***9.7.1 Раководење и управување со училиштето***	Структурата на раководење во училиштето се состои од: Училишен одбор **(Прилог 1)**, Совет на родители, директор на училиштето и заменик директор. Структурата за управување во училиштето одговара на сите параметри т.е половата застапеност е правична. Во структурата на раководење и управување со училиштето по однос на националниот состав сите се Македонци. Надлежности за управување и административни задачи се јасно дефинирани и се во склад со Законот за средно образование. Раководниот тим при разрешувањето на проблемите во училиштето е во постојан контакт и консултации со вработените во училиштето, а особено со наставничкиот кадар. Консултации се вршат со: училишен одбор, советот на родителите, наставничкиот совет, советите на паралелките и други комисии и работни групи. Состаноци на раководниот тим се одржуваат редовно и по потреба. Членовите се редовни на состаноците, така што нема случаи на одлагање на истите. Состаноците ги води претседателот на органот или претседателот на соодветното тело, а во негово отсуство состанокот го води заменикот на претседателот. За обезбедување на присуство на членовите се грижат стручните лица во училиштето, како и директорот на училиштето. На состаноците редовно присуствува и директорот на училиштето, стручниот соработник, секретарот, а по потреба и други административни работници. Раководниот тим остварува соработка со сите субјекти кои го сочинуваат наставниот

		процес во училиштето. Комуникацијата и соработката со наставниците се одвива секојдневно преку секојдневните контакти и преку наставнички совет на кој се донесуваат заклучоци и одлуки кои раководниот тим е должен да ги реализира. Со родителите соработката е преку Одборите на родители на паралелките, Одбори на родители на годините и Советот на родители. Учениците преку класните заедници и Младинската училишна заедница остваруваат соработка со раководниот тим и со стручната служба.

Подрачје 7: Раководство, креирање политика

Статут на училиштето ***Куќен ред*** ***Правилник за доделување на пофалби и награди и изрекување на педагошки мерки*** ***Правилник за начинот на надомест на намерно направена штета од ученици.*** ***Насоки и Упатство од Министерот за образование и наука*** ***План за заштита и спасување*** ***Решенијата за изречени педагошки мерки*** ***Записници од социологот и педагогот*** ***Записници од:*** - ***Училишен одбор*** - ***Совет на родители*** - ***Наставничкиот совет*** - ***Младинската училишна заедница***	***9.7.2 Цели и крирање на училишната политика***	Училиштето има Куќен ред и Правилници за дициплинска одговорност и дисциплински мерки. Се користат и позитивните законски прописи кои се однесуваат на овие прашања. Во согласност со Куќниот ред и Правилниците класниот раководител, наставничкиот совет како и директорот можат да изречат педагошки мерки за ученикот во зависност од прекршкот. Во училиштето нема примери за сексуално злоупотребување и дискриминација. Одговорен за креирање на училишната политика е директорот, Училишниот одбор и социологот и педагогот. За креирање на училишната политика се информираат сите заинтересирани субјекти. Наставниците се информираат и земаат учество во крирањето на училишната политика преку Наставнички совет, родителите преку Советот на родители, а учениците преку класниот раководител и преку Младинската училишна заедница. За унапредување на здравјето на учениците се спроведуваат редовни систематски прегледи и вакцинирање на учениците, на класните часови се одржуваат предавања на одредени теми поврзани со здравјето, а редовна е соработката и со Црвениот крст и други здравствени институции и стручни лица (најразлични предавања, дискусии, делење на брошури, итн). Во гимназијата „Мирче Ацев" постојат четири обучени тима за давање на прва медицинска помош и тоа во прва, втора, трета и четврта година. Истите земаат учество на сите организирани активности од страна на општинскиот Црвен крст (натпревари, работилници итн.). Училиштето е подготвено за преземање на мерки за заштита, спасување и помош на луѓето, материјалните вредности и објектите во услови на нивно загрозување од разни опасности.

Програма за работа на екипата по прва медицинска помош ***Извештаи од освоени места на натпревари*** ***Дневникот на паралелката***		На учениците кои се посебно талентирани и остваруваат одлични резултати, училиштето им овозможува и организира консултации и додатна настава, учество на натпревари, и сл, а за учениците со послаби резултати се организира дополнителна настава. Во училиштето наставата се следи на македонски јазик, а од странските јазици како прв се изучува англискиот јазик, а како втори се изучуваат француски и германски јазик (во сите години), а како трет, во јазично уметничкото подрачје комбинација А се изучува италијанскиот јазик.

Подрачје 7: Раководство, креирање политика

Годишната програма за работа на училиштето ***Развојна програма*** ***Дневник на паралелката*** ***Годишни звештаи за работата на училиштето*** ***Записници од:*** ***- Наставнички совет*** ***- Училишен одбор*** ***- Совет на родители***	***9.7.3 Развојно планирање***	Одговорен за годишното планирање е директорот и училишниот одбор. Во изготвување на годишното планирање учествуваат директорот на училиштето, социологот и тим од социологот и одредени наставници. Годишното планирање ги опфаќа сите податоци кои се потребни реално да ја прикажат сликата за училиштето. При планирањето се имаат во предвид просторните капацитети, бројот на учениците, паралелките, наставниот кадар, распределбата на часови, нагледните средства и материјали. Планирањето се базира врз објективни податоци. Планирањето е реално затоа што се планира она што може да се реализира. Реализирањето на планираното постојано се следи од директорот на училиштето, од социологот, наставниците, училишниот одбор, советот на родители, учениците родителите итн. Во склоп на училиштето не постојат подрачни училишта.

Подрачје 7: Раководство, креирање политика

Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости

Клучни јаки страни:

- Постојаниот контакт и консултациите на раководната структура со вработените при разрешувањето на проблеми во училиштето;
- Јасно поделени одговорности во раководните тела и органи и меѓусебна соработка.
- Информираност на сите субјекти кои се вклучени во образовниот процес во креирањето и планирањето на училишната политика.
- Правилно, законско и успешно работење на Училишниот Одбор и раководниот орган
- Добра комуникација меѓу органот на Раководење и органот на Управување со другите структури на училиштето
- Постоење на изготвени програми за работа на двата органи
- Прецизно и јасно дефинирани надлежности на органите
- Професионалност, компетентност и посветеност во извршувањето на работните задачи
- Визија за преземање понатамошни активности за подобрување на условите за работа во училиштето
- Навремено информирање на членовите за одржување на состаноците
- Секогаш обезбеден кворум за одржување на состаноците
- Учество на директорот на сите семинари, обуки и состаноци на кои се разгледуваат важни прашања за работата на училиштето

Слабости:

- Недоволна обученост на наставниците за изработка на проекти и долгорочни планирања.

Подрачје 7: Раководство, креирање политика

Анализа на резултатите:

Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје

Во училиштето успешно функционираат Училишниот одбор, Советот на родители и директорот на училиштето на што укажува постоењето на позитивна клима во истото. Раководниот тим во училиштето редовно одржува состаноци со сите тимови во училиштето како што се тимот за проекти, активите на наставниците и други. Консултациите на релација раководен тим други субјекти на училиштето се на задоволително ниво. Училиштето има изградено кодекс на однесување на учениците што во голема мера придонесува за подобрување на дисциплината на учениците.

Во креирањето на политиката на нашето училиште учествува раководниот тим на училиштето. За политиката на училиштето се информираат сите инволвирани страни во образовниот процес преку соодветните органи. Училиштето има изградено коректни односи со Заводот за здравствена заштита што овозможува редовна здравствена контрола на учениците и наставниците, се со цел водење грижа за нивното здравје и едукација. Во нашето училиште покрај другите предмети се изучуваат странските јазици (англиски, германски, француски и италијански). Во изготвувањето на годишните планирања учествуваат сите субјекти вклучени во образовниот процес во училиштето. Побезбедно и поуспешно планирање се врши преку искажување и на негативните страни на училиштето.

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Едуцирање на наставниот кадар за долгорочно планирање.
- Едуцирање на наставниот кадар за изработка на проекти.

Подрачје 7: Раководство, креирање политика

Прилог 1

Извештај за работата на Училишниот одбор во периодот од 01. 09. 2013 до денес

Училишниот одбор го сочинуваат 12 членови и тоа:

1. Владо Чакароски – претседател, претставник од Наставнички совет
2. Анкица Стеваноска- Јанческа – претставник од Наставнички совет
3. Весна Паноска– записничар, претставник од Наставнички совет
4. Мартин Наумоски - претставник од Наставнички совет
5. Милче Илиеска – претставник од Локална самоуправа
6. Лилјана Ковилоска - претставник од Локална самоуправа
7. Анкица Илиеска– претставник од Локална самоуправа
8. Рубин Кочоски – претставник од Министерство за образование и наука на Република Македонија
9. Драган Пенков - претставник од Совет на родители
10. Жаклина Зојческа - претставник од Совет на родители
11. Кети Зероска – претставник од Совет на родители
12. Ирена Јакимоска – претставник од Стопанска комора

Во периодот од 01.09.2013 Училишниот одбор има одржано 17 состаноци за кои уредно се води записник. Почнувајќи од 30. 08. 2013 кога е одржан првиот состанок во оваа учебна година во средното општинско училиште – Гимназија „Мирче Ацев" направени се следните активности:

- формиран е ЕКО одбор
- формирана е комисија за изработка на Акционен план
- уредување на дворните површини околу училиштето
- уредување на паркот пред училиштето со нови дрвени летниковци
- промена на електричната инсталација во котларата
- изработка на календар за 2014 и 2015 година
- извршен е попис на средствата и нивните извори и се расходовани неупотребливите средства

Техничка обработка и прилагодување за интернет публикување:
Николче Богданоски